**„ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА“**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), член 68 став 1 точка 2 и член 69 став 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 122/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
# за методологијата за управување со кредитниот ризик

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува методологијата за управување со кредитниот ризик, вклучително и утврдувањето на критериумите за класификација на активните билансни и вонбилансни ставки според степенот на ризичност и начинот на утврдување на исправката на вредноста и посебната резерва, односно очекуваната кредитна загуба за кредитните изложености.

Методологијата за управување со кредитниот ризик од ставот 1 на оваа точка ги опфаќа и супервизорските стандарди поврзани со начинот на кредитирање и постапката за регулирање на пристигнатите за наплата, а ненаплатени побарувања, начинот на утврдување на реструктурираната и нефункционалната изложеност на кредитен ризик и начинот на вршење отпис на побарувања и продажба на кредити.

2. Одделни изрази употребени во оваа одлука го имаат следново значење:

2.1. Под „кредитен ризик“ се подразбира ризикот од загуба за банката, поради неможноста нејзиниот клиент да ги намирува своите обврски кон неа, во договорениот износ и/или во договорените рокови.

2.2. „Изложеноста на кредитен ризик“ или „кредитната изложеност“ ги опфаќа:
- билансните позиции коишто согласно со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи имаат третман на финансиски средства коишто се мерат по амортизирана набавна вредност и финансиски средства коишто се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, како што се кредитите; депозитите; вложувањата во должнички инструменти; побарувањата врз основа на договори за лизинг; откупените побарувања (факторинг и форфетинг); извршените плаќања врз основа на дадени гаранции, акредитиви, авали или други вонбилансни позиции; каматите, провизиите и надоместите; побарувањата врз основа на трговски и други договори со клиенти и другите финансиски средства коишто ја изложуваат банката на кредитен ризик;

- вонбилансните позиции врз основа на преземените обврски за кредитирање (неискористени неотповикливи рамковни кредити, неискористени дозволени пречекорувања на трансакциски сметки и кредитни картички); неизвршените преземени неотповикливи обврски за откуп на побарувања; издадените непокриени гаранции; отворените непокриени акредитиви; дадените авали; дадените акцепти и другите вонбилансни позиции коишто претставуваат потенцијална обврска за банката, со исклучок на преземените вонбилансни обврски за кредитирање коишто согласно со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот имаат третман на вонбилансни побарувања со низок ризик.

Следниве позиции не се дел од кредитната изложеност:

- паричните средства, златото и другите благородни метали, средствата на сметките на банката кај Народната банка на Република Северна Македонија, вложувањата во подружници, придружени друштва и во заедничко дејствување, нематеријалните средства, земјиштето, недвижностите и опремата, природните богатства, средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања, средствата за работа и залихите;
- финансиските средства коишто ја изложуваат банката на пазарен и/или друг вид ризик, различен од кредитниот ризик: вложувањата во сопственички инструменти, вложувањата во должнички инструменти коишто се мерат по објективна вредност преку билансот на успех и кредитите и побарувањата коишто се мерат по објективна вредност преку билансот на успех.

2.3. Под „клиент" се подразбира лице кон кое е воспоставена кредитната изложеност.

2.4. Под „рок на достасување" се подразбира последниот ден на кој клиентот бил должен да плати одреден износ на пари, согласно со договорот склучен со банката.

2.5. Под „пристигнати за наплата, а ненаплатени побарувања" или „достасани побарувања" се подразбира износот на побарувањата на банките врз основа на главница, камата и други побарувања коишто не се наплатени на рокот на достасување, како и побарувањата на банката за извршените плаќања врз основа на гаранција, акредитив или друг вид вонбилансна позиција од потточката 2.2 алинеја 2 на оваа точка.

2.6. Под „зголемување на кредитниот ризик" се подразбира значајно влошување на кредитниот квалитет (значителен пораст на кредитниот ризик), утврден согласно со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи.

2.7. Под „кредитна изложеност врз основа на финансирање проекти" или „проектно финансирање" се подразбира кредитната изложеност за која банката очекува дека ќе ја наплати од паричните текови настанати од проектот и којашто може да биде обезбедена со проектот којшто се финансира (на пример: енергетски централи, транспортна и телекомуникациска инфраструктура, рудници, станбени и/или деловни згради, магацини, хотели, железници и друго).

2.8. Под „заедничка кредитна изложеност" (англ. joint credit obligations) се подразбираат изложености кон два или повеќе клиента (кокредитобаратели) коишто се

подеднакво одговорни за извршување на обврските коишто произлегуваат од кредитните изложености одобрени од банката.

2.9. Под „признати инструменти за обезбедување" се сметаат инструментите за обезбедување од точката 25 на оваа одлука коишто се вклучуваат во пресметката на сегашната вредност на очекуваните парични текови на кредитните изложености заради утврдување на исправката на вредноста.

2.10. Под „првокласен инструмент за обезбедување" се сметаат инструментите за обезбедување од точката 26 на оваа одлука.

2.11. Под „портфолио на кредити" се подразбираат кредитните изложености коишто можат да бидат групирани според сродноста на нивните карактеристики и на кредитниот ризик, согласно со точката 28 на оваа одлука.

2.12. Под „очекувана кредитна загуба" се подразбира очекуваната кредитна загуба на поединечна основа од потточката 2.13 на оваа точка или очекуваната кредитна загуба на групна основа од потточката 2.14 на оваа точка.

2.13. Под „очекувана кредитна загуба на поединечна основа" се подразбира разликата помеѓу сметководствената вредност на кредитната изложеност и сегашната вредност на очекуваните парични текови од таа кредитна изложеност.

2.14. Под „очекувана кредитна загуба на групна основа" се подразбира производот на стапката на веројатноста за ненаплата, стапката на загуба заради ненаплата и износот на кредитната изложеност којашто е дел од портфолио на кредити.

2.15. Под „стапка на веројатност за ненаплата" се подразбираат стапката на веројатност за ненаплата за 12 месеци или стапката на веројатност за ненаплата за целиот животен век.

2.16. Под „стапка на веројатност за ненаплата за 12 месеци" (англ. 12 month probability of default) се подразбира веројатноста дека кредитната изложеност од портфолио на кредити ќе стане нефункционална во период од дванаесет месеци од датумот на утврдувањето на стапката.

2.17. Под „стапка на веројатност за ненаплата за целиот животен век" (англ. life time probability of default) се подразбира веројатноста дека кредитната изложеност од портфолио на кредити ќе стане нефункционална во текот на нејзиниот животен век, односно до рокот на нејзиното достасување.

2.18. Под „стапка на загуба заради ненаплата" (англ. loss given default) се подразбира делот од нефункционалните или отпишаните кредитни изложености што банката нема да го наплати.

2.19. Под „реструктурирање на кредитна изложеност" или „реструктурирање" се подразбира менување на договорните услови на постоечка кредитна изложеност или одобрување нова кредитна изложеност за затворање на постоечка кредитна изложеност на клиент, којшто има финансиски потешкотии за намирување на своите обврски, при што менувањето, односно одобрувањето нова кредитна изложеност не би било извршено доколку клиентот може или би можел да ги почитува условите од договорот за

постоечката кредитна изложеност (во понатамошниот текст: постоечки договорни услови).

2.20. Под „реструктурирана кредитна изложеност" се подразбира кредитната изложеност којашто е предмет на реструктирање.

2.21. Под „реструктурирање на кредитна изложеност со значајна промена на договорните услови" (англ. distressed restructuring) се подразбира менување на договорните услови на постоечка кредитна изложеност кон клиент којшто се соочува или ќе се соочи со сериозни финансиски потешкотии, поради што се врши значајно намалување на неговите обврски (англ. diminished financial obligation) кон банката, имајќи ги предвид одредбите од точката 56 на оваа одлука.

2.22. Под „пробен период" се подразбира период од две години од датумот на реструктурирањето или од датумот кога биле исполнети условите за исклучување на кредитната изложеност од категоријата на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност, согласно со точката 60 на оваа одлука.

2.23. Под „ненаплатена кредитна изложеност" се подразбира кредитна изложеност на банката кон клиент којшто исполнува било кој од следниве услови:

- износот на достасаните кредитни изложености кон клиентот по која било основа (главница, камата, други некаматни побарувања), не е наплатен подолго од 90 последователни дена сметано од денот кога достасаниот износ го надминал прагот на значајност од потточката 2.24 на оваа точка (во понатамошниот текст: надминување на прагот на значајност);
- утврдено е дека клиентот нема да може да ги намири своите обврски кон банката во целост, без да се преземат активности за наплата на изложеноста преку активирање на обезбедувањето (во понатамошниот текст: неможност за наплата).

По исклучок на ставот 1 алинеја 1 на оваа потточка, за изложеностите кон физички лица банката може да утврди ненаплатена кредитна изложеност на ниво на поединечна кредитна изложеност, доколку е тоа предвидено во нејзините интерни акти, имајќи ги предвид одредбите од точката 48 и точката 62 потточка 62.2 на оваа одлука.

2.24. Под „праг на значајност" се подразбира исполнувањето на апсолутната или релативната компонента од потточките 2.25 и 2.26 на оваа точка. Прагот на значајност се смета дека е надминат за потребите на потточката 2.23 став 1 алинеја 1 на оваа точка, доколку се надминати двете компоненти на прагот на значајност.

2.25. Под „апсолутна компонента" се подразбира вкупниот износ на сите достасани изложености. Апсолутната компонента е еднаква на:

- 6.000 денари, или соодветен износ на противвредност во друга валута, за клиентите физички лица,
- 30.000 денари, или соодветен износ на противвредност во друга валута, за клиентите правни лица (вклучувајќи ги и малите друштва).

2.26. Под „релативна компонента" се подразбира соодносот (изразен во процент) помеѓу вкупниот износ на сите достасани кредитни изложености и вкупниот износ на сите билансни изложености на банката кон клиентот. Релативната компонента е еднаква на 1%.

2.27. Под „нефункционална кредитна изложеност“ се подразбира:

- ненаплатената кредитна изложеност од потточката 2.23 на оваа точка;
- изложеноста кај која е утврдено дека постојат објективни докази дека настанало оштетување, согласно со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи;
- кредитната изложеност којашто ги исполнува условите од точката 58 на оваа одлука;
- вонбилансна позиција којашто ги исполнува условите од потточката 2.2 алинеја 2 на оваа точка, за која постои веројатност дека ќе биде активирана или искористена при што билансната изложеност којашто ќе настане со нејзиното активирање или искористување ќе ги исполни условите за нефункционална кредитна изложеност, согласно со оваа потточка.

2.28. Под „стапка на нефункционални кредити“ се подразбира односот помеѓу вкупниот износ на нефункционалните кредити (главница) и вкупниот износ на кредити (главница) на банката, во бруто износ, односно без да се земе предвид износот на исправката на вредноста/посебната резерва и акумулираната амортизација.

2.29. Под „стапка на нефункционални кредитни изложености“ се подразбира односот помеѓу вкупниот износ на нефункционалните кредитни изложености и вкупниот износ на кредитни изложености на банката, во бруто износ, односно без да се земе предвид износот на исправката на вредноста/посебната резерва и акумулираната амортизација.

2.30. Под „продажба на кредитна изложеност со значајна загуба“ се подразбира продажба на кредитна изложеност при која е остварена значителна загуба, утврдена согласно со точката 55 на оваа одлука.

2.31. Под „продажба на достасани, нефункционални или отпишани побарувања од договор за кредит“ се подразбира целосно или делумно отстапување на тие побарувања од поединечен договор за кредит склучен со физички и нефинансиски правни лица (поединечен договор за кредит) или отстапување на повеќе достасани, нефункционални или отпишани побарувања од договори за кредит склучени со физички и нефинансиски правни лица (портфолио на договори за кредит).

2.32. Под „договор за продажба на побарување“ се подразбира секој договор за продажба на достасано, нефункционално или отпишано побарување, со кој банката ги пренесува правата и обврските, како и ризиците и користите од своето побарување на трето лице, што резултира со депризнавање на побарувањето во билансот на банката, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиски извештаи.

2.33. Под „нето-извозник“ се подразбира резидент којшто во претходните дванаесет месеци остварил поголем девизен прилив врз основа на остварен извоз, од девизниот одлив врз основа на остварен увоз.

2.34. Под „показател ДСТИ“ (англ. debt service-to-income) се подразбира односот помеѓу износот на вкупните обврски на клиентот физичко лице кон сите банки и штедилници на месечна основа и неговиот вкупен месечен приход.

2.35. Под „показател ДТИ" (англ. debt-to-income) се подразбира односот меѓу состојбата на вкупните обврски на физичкото лице кон сите банки и штедилници и износот на редовните приходи што клиентот ги остварува на годишно ниво.

2.36. Под „показател ЛТВ" (англ. loan-to-value) се подразбира односот помеѓу износот на кредитната изложеност и проценетата вредност на обезбедувањето.

2.37. Под „зелен кредит" (англ. green finance) се подразбира кредитна изложеност којашто се користи за подобрување на енергетската ефикасност на домаќинствата и на корпоративниот сектор, поддршка на вложувањата во зелени технологии, материјали и слично, поддршка на вложувањата во обновливи извори на енергија, како и за контрола и/или спречување на загадувањето, заштита на животната средина, намалување на ризиците од климатските промени и слично.

3. За сѐ што не е дефинирано со оваа одлука, соодветно се применува значењето на термините утврдено со Законот за банките и со подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

4. Банката врши класификација на кредитните изложености со примена на одредбите од главата II на оваа одлука и утврдува исправка на вредноста и посебна резерва, односно очекувана кредитна загуба за кредитните изложености со примена на одредбите од главата III на оваа одлука.

Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) ја проверува класификацијата на клиентот извршена од страна на банката, како и моделот за утврдување на очекувана кредитна загуба на групна основа и може да ѝ наложи на банката да изврши измена на категоријата на ризик и/или на моделот за утврдување на очекувана кредитна загуба на групна основа, односно на износот на очекуваната кредитна загуба.

Банката е должна, веднаш по добивањето соодветен документ од Народната банка (допис, решение, записник или друг документ), да ги спроведе измените од ставот 2 на оваа точка.

## II. КЛАСИФИКАЦИЈА НА КРЕДИТНАТА ИЗЛОЖЕНОСТ

### Општи барања

5. Банката е должна да изврши класификација на кредитната изложеност врз основа на поединечен договор во категориите на ризик од точката 9 на оваа одлука, најмалку на месечна основа, со состојба на крајот на месецот.

6. При класификацијата на кредитната изложеност при нејзиното одобрување, банката ги има предвид:

- кредитната способност на клиентот, односно квалитетот на проектот, согласно со точката 7 на оваа одлука и
- уредноста во намирувањето на обврските, согласно со точката 8 на оваа одлука.

При секоја натамошна класификација на кредитната изложеност, банката ги има предвид:

- промените во кредитната способност на клиентот, односно во квалитетот на проектот, согласно со точката 7 на оваа одлука и
- уредноста во намирувањето на обврските, согласно со точката 8 на оваа одлука.

7. Кредитната способност на клиентот, односно промената во неговата кредитна способност се оценува со примена најмалку на следниве критериуми:
- карактерот на клиентот, односно неговите статусни и економски особености и квалитетот и стручноста на органите на управување и надзор;
- употребата на средствата е во согласност со договорената намена на кредитната изложеност;
- соодносот на паричните приливи на клиентот остварени во претходниот период и проценетите идни нето парични текови на клиентот со договорениот начин на отплата на обврските;
- висината на капиталот, резервите и имотната состојба на клиентот, остварените парични приливи на клиентот, како и способноста за остварување идни парични приливи;
- перспективата на клиентот и на дејноста на која ѝ припаѓа клиентот;
- ликвидносната и профитабилната позиција на клиентот;
- можните влијанија од лицата поврзани со клиентот врз неговата кредитна способност;
- макроекономските или другите показатели коишто можат да имаат влијание врз нивото на кредитниот ризик (на пример: стапката на невработеност, цените на недвижниот имот, цената на производот којшто клиентот го произведува, односно на услугата што ја дава и слично);
- политичката и економската состојба на земјата каде што се наоѓа седиштето на клиентот;
- нивото на задолженост на клиентот;
- начинот на намирување на обврските врз основа на кредити и други форми на кредитна изложеност кон банката, кон други банки, обврски кон други правни и физички лица и слично, утврдено врз основа на внатрешни и/или надворешни извори на податоци (на пример: Кредитен регистар на Народната банка, кредитни бироа и слично);
- кредитниот рејтинг на клиентот, доколку клиентот има кредитен рејтинг;
- интерната категорија на ризик, доколку банката има развиено интерни категории на ризик;
- изложеноста на клиентот на валутен ризик, ризик од промена на каматни стапки и на други ризици, од аспект на влијанието коешто овие изложености ја имаат или би ја имале врз можноста клиентот да ги намирува обврските кон банката согласно со договорените услови, во услови на промена на девизниот курс, каматната стапка или други промени коишто би значеле зголемување на кредитната изложеност на клиентот. При оцена на изложеноста на валутниот ризик се имаат предвид одредбите од точката 81 на оваа одлука.

При оцена на квалитетот на проектот, односно на промената во квалитетот на проектот за кој е побарана финансиска поддршка, банката ги има предвид критериумите од ставот 1 на оваа точка коишто можат да се применат при оцената на квалитетот на проектот, вклучувајќи ги и следниве критериуми:
- финансискиот капацитет на проектот, утврден најмалку врз основа на финансиската рамка на проектот и соодветните финансиски показатели;
- начинот на изведување на проектот, утврден најмалку врз основа на: договорите за изведување (изградба) на проектот, веројатноста и гаранциите за навремено завршување на проектот и локацијата на проектот;

- претходното искуство и финансискиот капацитет на изведувачот во изведувањето слични проекти;
- финансискиот капацитет на клиентот, важноста на проектот за клиентот и претходното искуство со слични проекти;
- финансиската поддршка на проектот преку сопствено учество од страна на клиентот;
- правното окружување, утврдено најмалку врз основа на правната рамка и потребното време за обезбедување на потребната документација и дозволи.

При оцената на кредитната способност и промената во кредитната способност на клиентот физичко лице, се имаат предвид критериумите од ставот 1 на оваа точка коишто одговараат на карактеристиките на физичките лица.

Оцената на промената во кредитната способност на клиентот, односно во квалитетот на проектот се врши:
- најмалку еднаш на шест месеци;
- почесто од шест месеци доколку се исполнети критериумите за зголемување на кредитниот ризик, дефинирани во интерните акти согласно со точката 78 потточка 78.4 на оваа одлука;
- при промена на договорните услови.

По исклучок на ставот 4 на оваа точка, оцената на промената во кредитната способност на клиентот физичко лице се врши најмалку при промена на договорните услови.

8. При утврдување на уредноста во намирувањето на обврските, банката ги има предвид:
- деновите на доцнење во намирувањето на кредитната изложеност, за месецот за кој се врши класификацијата на кредитната изложеност (во понатамошниот текст: тековните денови на доцнење) и
- деновите на доцнење во намирувањето на кредитната изложеност во текот на претходниот период од најмалку шест месеци.

За потребите на оваа одлука претходниот период од шест месеци не го опфаќа месецот за кој се врши класификацијата на кредитната изложеност.

**Категории на ризик**

9. Банката врши класификација во следниве категории на ризик:

9.1. Во категоријата на ризик „А“ се класифицираат:
- побарувањата од Европската централна банка, како и од централните влади и централните банки на земјите за кои согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот се применува пондер на ризичност од 0%;
- кредитната изложеност кон клиент чијашто финансиска состојба и парични текови овозможуваат непречено работење и можност за намирување на тековните и идните обврски кон банката;
- кредитната изложеност за која не е утврдено дека е настанато зголемување на кредитниот ризик, согласно со точката 78 потточка 78.4 на оваа одлука;

- кредитната изложеност чиишто обврски на датумот на класификација се извршуваат согласно со договорните услови, односно тековните денови на доцнење не надминуваат 31 ден;
- кредитната изложеност чиишто обврски во претходниот период од шест месеци се извршуваат согласно со договорните услови, со задоцнување коешто не надминува 31 ден или со исклучок до 60 дена, доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 32 до 60 дена;
- делот од кредитната изложеност којшто е обезбеден со првокласни инструменти за обезбедување, дефинирани во точката 26 на оваа одлука, доколку инструментот се активира во рок од 90 дена од рокот на достасувањето на таа кредитна изложеност;
- кредитната изложеност којашто се наоѓа во последната година од пробниот период.

По исклучок на ставот 1 алинеја 4 на оваа потточка, банката може во категоријата на ризик „А" да ја класифицира кредитната изложеност со тековни денови на доцнење коишто надминуваат 31 ден, доколку вкупниот износ што не е наплатен подолго од 31 ден е помал од 1.000 денари и задоцнувањето не е подолго од 60 дена.

9.2. Во категоријата на ризик „Б" се класифицира:
- кредитната изложеност кон клиент/проект за кој заради финансиски слабости се очекуваат потешкотии во намирувањето на неговите обврски;
- кредитната изложеност со тековни денови на доцнење коишто не надминуваат 60 дена;
- кредитната изложеност чиишто обврски во претходниот период од шест месеци се извршуваат со задоцнување коешто не надминува 60 дена или со исклучок до 90 дена, доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 61 до 90 дена;
- кредитната изложеност којашто има третман на реструктурирана кредитна изложеност, но само доколку кредитната изложеност немала третман на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност или поминат е период од најмалку една година од кога кредитната изложеност била исклучена од категоријата на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност.

9.3. Во категоријата на ризик „В" се класифицира:
- кредитната изложеност кон клиент/проект чиишто парични приливи се несоодветни за редовно намирување на обврските;
- кредитната изложеност кон клиент/проект со несоодветна рочна структура на изворите на финансирање и неговите приливи;
- кредитната изложеност кон клиент/проект чијашто задолженост е висока во споредба со капиталот и/или, клиент кој има значителен долг кон доверителите;
- кредитната изложеност кон клиент/проект за кој банката не располага со потребните и ажурирани информации за оцена на кредитната способност на клиентот, односно квалитетот на проектот;
- кредитната изложеност со тековни денови на доцнење коишто не надминуваат 120 дена;
- кредитната изложеност чиишто обврски во претходниот период од шест месеци се извршуваат со задоцнување коешто не надминува 120 дена, или со исклучок до 180 дена, доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 121 до 180 дена;

- кредитната изложеност кон клиентот нефинансиско лице коешто има побарувања врз основа на финансиски кредит од лице со кредитен рејтинг еднаков или понизок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс" или „Фич") или Цаа1 (согласно со рејтингот на „Мудис");
- кредитната изложеност кон клиентот нефинансиско лице коешто има побарувања врз основа на финансиски кредит од лице со кредитен рејтинг повисок од рејтингот од алинејата 7 на оваа потточка, но со седиште во земја чијшто кредитен рејтинг е еднаков или понизок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс" или „Фич") или Цаа1 (согласно со рејтингот на „Мудис");
- кредитната изложеност кон клиентот нефинансиско лице коешто има побарувања врз основа на финансиски кредит од лице за кое не е утврден кредитен рејтинг, но е со седиште во земја чијшто кредитен рејтинг е еднаков или понизок од Б- (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс" или „Фич") или Б3 (согласно со рејтингот на „Мудис") или е со седиште во земја за која не е утврден кредитен рејтинг.

По исклучок на ставот 1 на оваа потточка, банката може да не ја класифицира кредитната изложеност кон клиентот од ставот 1 алинеи 7, 8 и 9 на оваа потточка во категоријата на ризик „В", доколку:
- кредитната изложеност е врз основа на царинска гаранција или гаранција за учество на тендер;
- финансискиот кредит е помал од 31.000.000 денари (доколку финансискиот кредит е даден во странска валута, се зема предвид денарската противвредност на дадениот кредит);
- финансискиот кредит е еднаков или поголем на/од 31.000.000 денари, а кредитната изложеност на банката е поголема од износот на финансискиот кредит и банката утврдила очекувана кредитна загуба, најмалку во износот над 20% од износот на финансискиот кредит, при што кредитната изложеност или клиентот ги исполнува условите за класификација во друга категорија на ризик.

9.4. Во категоријата на ризик „Г" се класифицира:
- кредитната изложеност кон клиент којшто е неликвиден;
- реструктурирана нефункционална кредитна изложеност за која клиентот доцни повеќе од 60 дена или за која е одобрено ново реструктурирање;
- кредитната изложеност со тековни денови на доцнење коишто не надминуваат 240 дена;
- кредитната изложеност чиишто обврски во претходниот период од шест месеци се извршуваат со задоцнување коешто не надминува 240 дена или со исклучок до 300 дена, доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 241 до 300 дена;
- кредитната изложеност кон клиент (вклучувајќи ги и владите и централните банки) со кредитен рејтинг еднаков или понизок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс" или „Фич") или Цаа1 (согласно со рејтингот на „Мудис");
- кредитната изложеност кон клиент со кредитен рејтинг повисок од рејтингот од алинејата 5 на оваа потточка, но е со седиште во земја чијшто кредитен рејтинг е еднаков или понизок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс" или „Фич") или Цаа1 (согласно со рејтингот на „Мудис");
- кредитната изложеност кон клиент кој нема кредитен рејтинг, но е со седиште во земја чијшто кредитен рејтинг е еднаков или понизок од Б- (согласно со

рејтингот на „Стандард и Пурс" или „Фич") или Б3 (согласно со рејтингот на „Мудис") или е со седиште во земја за која не е утврден кредитен рејтинг.

По исклучок на ставот 1 алинеја 4 на оваа потточка, кредитната изложеност којашто банката очекува да ја наплати преку активирање на првокласен инструмент за обезбедување, може да се класифицира во категоријата на ризик „Г", доколку обврските врз основа на оваа кредитна изложеност се извршуваат со задоцнување до 600 дена.

По исклучок на ставот 1 на оваа потточка, банката може да не ја класифицира кредитната изложеност од ставот 1 алинеи 5, 6 и 7 на оваа потточка во категоријата на ризик „Г", доколку станува збор за вонбилансна кредитна изложеност врз основа на царинска гаранција или гаранција за учество на тендер или доколку станува збор за кредитна изложеност кон друга банка, врз основа на тековни сметки во странска валута во странство.

9.5. Во категоријата на ризик „Д" се класифицира:

- кредитната изложеност чиишто обврски се извршуваат со задоцнување коешто не ги исполнува условите за класификација во категорија на ризик „Г", согласно со потточката 9.4 на оваа точка;
- кредитната изложеност кон клиент над кој е воведена стечајна постапка, освен во случај кога за клиентот е усвоен план за реорганизација согласно со закон;
- кредитната изложеност кон клиент којшто го оспорува постоењето на кредитната изложеност (во судска или вонсудска постапка).

10. Критериумите за класификација во одделните категории на ризик определени во точката 9 на оваа одлука претставуваат минимум критериуми коишто банката е должна да ги применува при определувањето на категоријата на ризик на секоја кредитна изложеност.

Во политиката или другите интерни акти од точката 78 потточка 78.6 на оваа одлука, банката може да определи и други критериуми за класификација на кредитните изложености во соодветните категории на ризик, чијашто примена не може да предизвика прекласификација на кредитната изложеност во подобра категорија на ризик од таа во којашто би била класифицирана, согласно со критериумите определени во точката 9 на оваа одлука.

11. Нефункционалната кредитна изложеност не може да се класифицира во категориите на ризик „А" или „Б".

Кредитните изложености класифицирани во категориите на ризик „Г" или „Д" имаат третман на нефункционални кредитни изложености.

12. Кредитната изложеност којашто исполнува критериуми за класификација во две или повеќе категории на ризик се класифицира во најлошата категорија на ризик, утврдена согласно со оваа глава.

## III. УТВРДУВАЊЕ НА ИСПРАВКАТА НА ВРЕДНОСТА И НА ПОСЕБНАТА РЕЗЕРВА

### Општи барања

13. Банката утврдува исправка на вредноста и посебна резерва за кредитните изложености врз основа на утврдената очекувана кредитна загуба на поединечна и/или на групна основа, најмалку на месечна основа.

Банката утврдува очекувана кредитна загуба на поединечна основа најмалку за:
- нефункционалните кредитни изложености;
- реструктурираните кредитни изложености;
- кредитните изложености врз основа на финансирање проекти;
- кредитните изложености коишто не можат да се групираат во портфолио на кредити или за кои банката не располага со податоци за да може да ги утврди стапките на веројатност за ненаплата и стапката на загуба заради ненаплата, како основа за утврдување на очекуваната кредитна загуба на групна основа;
- значајните кредитни изложености.

За потребите на ставот 2 алинеја 5 на оваа точка, банката утврдува очекувана кредитна загуба на поединечна основа за кредитните изложености коишто се утврдени како значајни кредитни изложености во моментот на нивното одобрување.

По исклучок на ставот 2 алинеја 1 на оваа точка, банката може да утврдува очекувана кредитна загуба на групна основа за незначајните износи на нефункционални кредитни изложености.

14. Износот на извршената исправка на вредноста, односно износот на издвоената посебна резерва за секоја категорија на ризик се движи во рамките на следниве граници:
- од 0,01% до 5% за категоријата на ризик „А";
- над 5% до 20% за категоријата на ризик „Б";
- над 20% до 45% за категоријата на ризик „В";
- над 45% до 70% за категоријата на ризик „Г";
- над 70% до 100% за категоријата на ризик „Д".

Износот на извршената исправка на вредноста, односно износот на издвоената посебна резерва за кредитната изложеност не може да биде понизок од долната граница предвидена во ставот 1 на оваа точка за секоја категорија на ризик.

15. По исклучок на точката 14 став 1 на оваа одлука, банката може да не утврдува исправка на вредноста, односно да не издвојува посебна резерва за кредитните изложености од точката 9 потточка 9.1 алинеи 1 и 6 на оваа одлука.

16. За нефункционалните кредитни изложености класифицирани во категоријата на ризик „В", банката треба да утврди исправка на вредноста, односно да издвои посебна резерва од најмалку 30% од износот на кредитната изложеност.

17. Банката врши исправка на вредноста, односно издвојува посебна резерва во износ од 100%, за кредитната изложеност којашто исполнува најмалку еден од следниве критериуми:
- постојат цврсти очекувања дека банката нема да биде во можност да наплати ниту дел од кредитната изложеност;

- обврските врз основа на кредитната изложеност се извршуваат со задоцнување подолго од 365 дена и притоа банката нема признат инструмент за обезбедување;
- обврските врз основа на кредитната изложеност се извршуваат со задоцнување подолго од две години и притоа банката има признат инструмент за обезбедување;
- обврските врз основа на кредитната изложеност се извршуваат со задоцнување подолго од три години и притоа банката има првокласен инструмент за обезбедување на кредитната изложеност.

18. Банката е должна да изврши целосна исправка на вредноста на пресметаната камата на датумот кога побарувањата врз основа на камата добиле третман на нефункционална кредитна изложеност.

**Утврдување на очекувана кредитна загуба на поединечна основа**

19. Банката ја утврдува очекуваната кредитна загуба на поединечна основа за секоја кредитна изложеност, преку утврдување на сегашната вредност на очекуваните парични текови коишто ќе настанат врз основа на таа кредитна изложеност.

При утврдувањето на очекуваните парични текови банката вклучува податоци за очекуваните промени на кредитната способност на клиентот, односно на квалитетот на проектот, при што банката може да го вклучи и влијанието на макроекономските или други показатели.

Доколку банката утврди повисок износ на исправка на вредноста, односно повисок износ на посебна резерва од износот пропишан во точката 14 став 1 на оваа одлука за категоријата на ризик во која е класифицирана кредитната изложеност, таа е должна да изврши прекласификација на кредитната изложеност во соодветната категорија на ризик којашто му одговара на утврдениот износ на исправка на вредноста, односно на износот на посебната резерва.

20. Сегашната вредност на билансните позиции, при утврдувањето на очекуваната кредитна загуба на поединечна основа, се добива со дисконтирање на очекуваните парични текови врз основа на тие побарувања со употреба на ефективната каматна стапка определена согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи.

По исклучок на ставот 1 на оваа точка по извршената класификација на кредитната изложеност којашто се состои само од камата и/или само од провизии и надоместоци, банката не е должна да утврдува сегашна вредност на очекуваните парични текови, а износот на исправката на вредноста го утврдува согласно со точката 14 на оваа одлука.

21. Сегашната вредност на вонбилансните позиции, при утврдувањето на очекуваната кредитна загуба на поединечна основа, се добива со дисконтирање на очекуваните парични текови како резултат на плаќањата на банката врз основа на преземените потенцијални обврски и на наплатите од клиентот, со тековниот пазарен принос на нискоризичните хартии од вредност издадени во иста валута и со ист рок на достасување како валутата и рокот на очекуваната наплата.

Сегашната вредност на вонбилансните позиции од ставот 1 на оваа точка, се утврдува само во случај на очекувани парични одливи врз основа на преземените потенцијални обврски.

Доколку не постои тековен пазарен принос на нискоризичните хартии од вредност со ист рок на достасување како рокот на очекуваната наплата, утврдувањето на сегашната вредност на очекуваните парични текови врз основа на преземената потенцијална обврска на банката се врши со тековниот пазарен принос на нискоризичните хартии од вредност со најблиска рочност до рочноста на очекуваната наплата.

22. По исклучок на точката 21 на оваа одлука, доколку кредитната изложеност врз основа на еден договор вклучува билансни и вонбилансни позиции (на пример: искористени и неискористени пречекорувања и кредити врз основа на кредитни картички, искористен и неискористен дел од неотповикливи рамковни кредити, провизија за вонбилансна позиција и самата вонбилансна позиција и слично), банката треба да примени ист процент на исправка на вредноста и на посебна резерва за сите позиции од кредитната изложеност.

23. За нефункционалните кредитни изложености за кои банката очекува дека ќе ги наплати преку обезбедувањето, при утврдувањето на сегашната вредност на очекуваните парични текови на тие кредитни изложености, банката може да ја земе предвид вредноста на признатиот инструмент за обезбедување, согласно со точката 24 на оваа одлука.

24. Обезбедувањето коешто ги исполнува условите од точката 25 на оваа одлука се вклучува во пресметката на сегашната вредност на очекуваните парични текови, во износ којшто е еднаков на помалиот износ од вредноста на обезбедувањето и вкупната кредитна изложеност којашто е покриена со обезбедувањето, при што дисконтирањето го опфаќа периодот до датумот на очекувана наплата на кредитната изложеност со обезбедувањето.

Банката може да го земе предвид обезбедувањето од ставот 1 на оваа точка при утврдувањето на исправката на вредноста само доколку располага со соодветна документација од која може да потврди дека за обезбедувањето постои пазар на кој брзо и ефикасно ќе може да го продаде обезбедувањето по соодветна цена којашто ќе овозможи наплата на кредитната изложеност.

Износот од ставот 1 на оваа точка ги вклучува и очекуваните трошоци за наплата преку обезбедувањето коишто ќе паднат на товар на банката.

Вредноста на обезбедувањето од ставот 1 на оваа точка не може да биде повисока од:

- 100% од објективната вредност на првокласниот инструмент за обезбедување;
- 100% од вредноста на заложените побарувања од централната влада на Република Северна Македонија;
- 80% од процената на пазарната вредност на станбениот објект;
- 85% од процената на пазарната вредност на производот чијашто цена зависи од движењата на цената на тој производ на светските берзи;
- 70% од проценета на пазарната вредност на деловните објекти и деловните простории;

- 50% од проценета на пазарната вредност на индустриски објекти;
- 40% од проценета на пазарната вредност на земјоделски објекти;
- 50% од проценета на пазарната вредност на туристички и угостителски објекти;
- 50% од проценета на пазарната вредност на земјоделско земјиште;
- 60% од проценета на пазарната вредност на неизградените станбени објекти;
- 50% од проценета на пазарната вредност на неизградените деловни објекти;
- 40% од проценета на пазарната вредност на градежна, производствена, земјоделска и друг вид опрема и
- 60% од проценета на пазарната вредност на благородни метали и уметнички дела доколку се ставени во депо во банката, односно 40% доколку не се депонирани во банката.

За потребите на ставот 3 алинеи 3 до 14 на оваа точка се зема предвид процената на пазарната вредност на обезбедувањето утврдена согласно со точката 27 на оваа одлука.

Периодот до датумот на очекувана наплата на кредитната изложеност со обезбедувањето од точката 25 потточка 25.2 на оваа одлука не може да е пократок од три години од датумот на утврдување на исправката на вредноста.

Банката треба да обезбеди документираност на начинот на утврдување на вредноста на обезбедувањето, како и најмалку еднаш годишно да изврши ревидирање на начинот на утврдување на вредноста на обезбедувањето и периодот до датумот на очекувана наплата на кредитната изложеност со обезбедувањето, доколку оцени дека е потребно такво ревидирање.

**Признати инструменти за обезбедување**

25. Како признат инструмент за обезбедување се смета:

25.1. Првокласниот инструмент за обезбедување од точката 26 на оваа одлука.

25.2. Залогот на недвижен и подвижен имот согласно со точката 27 на оваа одлука.

25.3. Полиса за осигурување на побарувањата којашто ја издава Развојната банка на Северна Македонија, винкулирана во корист на банката.

25.4. Полисата за животно осигурување коишто согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот имаат третман на инструмент за кредитна заштита.

25.5. Залогот на побарувањата од централната влада на Република Северна Македонија, при што банката поседува уредна документација за воспоставениот залог, залогот е запишан во заложен регистар и има прв ред на наплата во однос на останатите заложни доверители.

При утврдувањето на обезбедувањето од ставот 1 потточки 25.1 и 25.5 на оваа точка, во централната влада се вклучуваат и јавните институции коишто согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот имаат третман на централна влада.

Обезбедувањето од ставот 1 на оваа точка се смета како признат инструмент за обезбедување само доколку во целиот период на времетраење на договорот за кредитната изложеност којашто е покриена со соодветното обезбедување ги исполнува условите од ставот 1 на оваа точка и соодветните услови од точките 26 и 27 на оваа одлука.

26. Како првокласен инструмент за обезбедување се смета обезбедувањето што ги исполнува следниве услови:

26.1. Паричен депозит кај банката и владетелски залог на злато во корист на банката, при што треба да бидат исполнети следниве услови:

- рокот за исплата на паричниот депозит е еднаков или подолг од рокот на достасување на кредитната изложеност назначен во договорот за кредит;
- паричниот депозит или залогот можат да се повлечат од страна на клиентот само за делот од кредитната изложеност којшто е вратен;
- постои соодветен документ (договор, изјава и слично) со кој се потврдува намената на депозитот, односно на залогот како средство за обезбедување на кредитната изложеност;
- паричниот депозит или залогот на злато се определени како средство за обезбедување во договорот за кредит;
- во случај на наплата преку обезбедувањето, банката е единствениот корисник на паричниот депозит или на заложеното злато, и
- наплатата преку обезбедувањето настанува во услови кога клиентот не ги исполнува своите обврски коишто произлегуваат од договорот за кредитната изложеност.

26.2. Хартии од вредност издадени од Европската централна банка и од централните влади, централните банки, мултилатералните развојни банки и меѓународните организации за кои, согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување адекватност на капиталот, се применува пондер на ризичност од 0%.

26.3. Хартии од вредност коишто Народната банка ги прифаќа како обезбедување при спроведувањето на монетарните операции.

26.4. Должнички хартии од вредност (со исклучок на инструментите од додатниот основен капитал и дополнителниот капитал) коишто се издадени од банка за кои постои долгорочен или краткорочен кредитен рејтинг за кој, согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување адекватност на капиталот, се применува пондер на ризичност од 20%.

26.5. Должнички хартии од вредност (со исклучок на инструментите од додатниот основен капитал и дополнителниот капитал) коишто се издадени од банка за кои не постои долгорочен или краткорочен кредитен рејтинг, доколку согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување адекватност на капиталот, на банката се применува пондер на ризичност од 50%.

26.6. Безусловни гаранции платливи на првиот писмен повик и издадени од лицата од потточка 26.2 на оваа точка и од лицата основани од лицата од потточка 26.2 на оваа точка, чиешто работење и обврски се целосно покриени со експлицитна гаранција издадена од овие лица.

26.7. Безусловни гаранции платливи на првиот писмен повик и издадени од банки, на кои согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување адекватност на капиталот, се применува пондер на ризичност од 50%.

При утврдувањето на кредитниот рејтинг за потребите на ставот 1 на оваа точка, соодветно се применуваат правилата од регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување адекватност на капиталот.

27. Залогот на следниве видови недвижен и подвижен имот се смета за признат инструмент за обезбедување доколку ги исполнува соодветните услови пропишани со оваа точка:

- станбен објект (стан, куќа и слични објекти), доколку станува збор за целосно изградени објекти коишто имаат технички прием;
- деловен објект и деловни простории (канцеларии, трговски центри, магацини, продавници, автосалони и слично);
- индустриски објекти (фабрики, погони, деловни згради и слични производствени капацитети;
- земјоделски објекти (млинови, силоси и слични производствени капацитети);
- туристички објекти (хотели, апартмани и слични објекти;
- земјоделско земјиште;
- производи чијашто цена зависи од движењата на цената на тој производ на светските берзи;
- неизградени станбени и деловни објекти за кои е издадена дозвола за градба од надлежна институција, вклучително и градежното земјиште за кое е издадена дозвола за градба од надлежна институција;
- градежна, производствена, земјоделска и друг вид опрема;
- благородни метали и уметнички дела.

За обезбедувањето од ставот 1 алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 8 на оваа точка, банката треба да поседува уредна документација за залогот, и тоа:

- нотарски акт со прилози за воспоставен залог, вклучително и клаузула за извршност;
- имотен лист или друг доказ од јавна книга за воспоставен залог издаден од надлежна институција;
- важечка полиса за осигурување на недвижниот имот винкулирана во корист на банката;
- важечка процена на пазарната вредност на објектот извршена согласно со закон;
- воспоставениот залог е од прв ред, а може да биде и од понизок ред доколку залогот од прв ред е кај истата банка;
- друга соодветна документација.

За обезбедувањето од ставот 1 алинеја 7 на оваа точка, банката треба да поседува:

- нотарски акт со прилози за воспоставен залог, вклучително и клаузула за извршност;
- доказ од јавна книга за воспоставен залог издаден од надлежна институција;
- воспоставениот залог е од прв ред, а може да биде и од понизок ред доколку залогот од прв ред е кај истата банка;
- важечка полиса за осигурување на заложениот производ, винкулирана во корист на банката;

- право на контрола и физичка проверка на предметот на залогот, на редовна основа;
- доказ за редовно следење на пазарната вредност на заложениот производ на светските берзи;
- друга слична документација.

За обезбедувањето од ставот 1 алинеи 9 и 10 на оваа точка, банката треба да поседува:
- нотарски акт со прилози за воспоставен залог, вклучително и клаузула за извршност;
- доказ од јавна книга за воспоставен залог издаден од надлежна институција;
- воспоставениот залог е од прв ред, а може да биде и од понизок ред доколку залогот од прв ред е кај истата банка;
- важечка полиса за осигурување на заложениот производ, винкулирана во корист на банката, при што договорот за осигурување дозволува продажба на обезбедувањето во разумен рок;
- право на контрола и физичка проверка на предметот на залогот, на редовна основа;
- лесен пристап до податок за пазарната цена на обезбедувањето;
- доказ дека не постојат пречки за продажба на обезбедувањето;
- доказ дека обезбедувањето е определено како средство за обезбедување во договорот за кредитна изложеност;
- важечка процена на пазарната вредноста на обезбедувањето извршена согласно со закон;
- интерни процедури за проверка на соодветноста на воспоставениот залог.

Во целиот временски период на траење на договорот за кредитната изложеност, банката е должна да ја следи пазарната вредност на обезбедувањето од ставот 1 на оваа точка (на пр. преку примена на статистички методи) и тоа најмалку еднаш годишно и е должна да обезбеди процена на тековната пазарна вредност на обезбедувањето најмалку еднаш на секои три години, согласно со закон.

По исклучок на ставот 5 на оваа точка, банката е должна да обезбеди процена на тековната пазарна вредност на обезбедувањето најмалку еднаш годишно, согласно со закон за:
- кредитните изложености коишто надминуваат 5% од сопствените средства на банката;
- кредитните изложености коишто се обезбедени со инструменти за обезбедување кај кои е настанат значителен пад на пазарните цени на слични инструменти за обезбедување, и
- кредитните изложености обезбедени со обезбедувањето од ставот 1 алинеја 8 на оваа точка.

Процената на пазарната вредност на обезбедувањето од ставот 1 алинеја 8 на оваа точка, треба да ја отсликува тековната вредност на обезбедувањето, согласно со фазата на градба во која се наоѓа станбениот или деловниот објект.

**Утврдување на очекуваната кредитна загуба на групна основа**

28. Банката ги групира кредитните изложености во портфолија на кредити според сродноста на нивните карактеристики и кредитниот ризик, имајќи ги предвид одредбите од точките 7 и 8 на оваа одлука.

Соодветноста на портфолијата на кредити треба да се оценува најмалку на годишна основа.

Банката врз основа на утврдената очекувана кредитна загуба ги распределува изложеностите од портфолијата во категориите на ризик, согласно со точката 14 на оваа одлука.

29. При утврдувањето на стапката на веројатност за ненаплата за 12 месеци, стапката на веројатност за ненаплата за целиот животен век на кредитните изложености и стапката на загуба заради ненаплата, банката користи модел којшто го пропишува во своите интерни акти. Моделот треба да опфати и макроекономски или други показатели коишто можат да имаат влијание врз пресметката на очекуваната кредитна загуба за одделните кредитни портфолија.

Надзорниот одбор или одборот за управување со ризици на банката, го одобрува моделот од ставот 1 на оваа точка.

Банката може да ги утврдува стапките од ставот 1 на оваа точка, согласно со точките 30, 31 и 32 на оваа одлука.

Банката применува стапка на веројатност за ненаплата за 12 месеци при утврдувањето на очекуваната кредитна загуба за кредитните изложености коишто ги исполнуваат критериумите дефинирани во точката 9 потточка 9.1 на оваа одлука, додека за останатите кредитни изложености банката применува стапка на веројатност за ненаплата за целиот животен век.

Стапката на веројатност за ненаплата за нефункционалните кредитни изложености од точката 13 став 4 на оваа одлука е 100%.

Исправката на вредноста, односно издвоената посебна резерва за кредитните изложености за кои се применува стапка на веројатност за ненаплата за 12 месеци не може да биде пониска од 0,01% од кредитната изложеност, додека за кредитните изложености за кои се применува стапка на веројатност за ненаплата за целиот животен век, исправката на вредноста, односно издвоената посебна резерва не може да биде пониска од 5% од износот на кредитната изложеност.

Банката којашто не располага со доволно податоци за да може да ја утврди стапката на загуба заради ненаплата за определено портфолио на кредити, должна е да применува стапка на загуба заради ненаплата којашто не може да е пониска од 90%.

30. Стапката на веројатност за ненаплата за 12 месеци може да се утврди како повеќегодишен просек на годишни стапки на ненаплата (англ. default rate). Годишните стапки на ненаплата се добиваат како однос помеѓу бројот на кредитните изложености коишто во периодот од дванаесет месеци станале нефункционални и бројот на сите кредитни изложености во тоа портфолио на почетокот на тој период.

При определувањето на стапката на веројатноста за ненаплата за 12 месеци, банката утврдува годишни стапки на ненаплата за секое портфолио на кредити за период од најмалку последните пет години најмалку со месечна динамика. Банката може да им додели поголем пондер на поновите годишни стапки на ненаплата, доколку покаже

дека тие пореално ја прикажуваат веројатноста за ненаплата и очекуваната кредитна загуба.

31. Стапката на веројатноста за ненаплата за целиот животен век на кредитните изложености од портфолиото може да се утврди како однос помеѓу бројот на кредитните изложености коишто во текот на просечниот животен век на портфолиото на кредити станале нефункционални и бројот на сите кредитни изложености од тоа портфолио на почетокот на тој период.

Доколку банката не располага со податоци за пресметка на стапката на веројатноста за ненаплата за целиот животен век на кредитните изложености од портфолиото на кредити, стапката се пресметува за период од најмалку пет години со вклучување проекции за преостанатиот просечен број на години.

32. Стапката на загуба заради ненаплата за кредитната изложеност од портфолиото на кредити може да се утврди како просечна загуба којашто ја остварила банката за кредитните изложености коишто станале нефукционални кредитни изложености во портфолио со слични карактеристики како портфолиото за кое се утврдува стапката на загуба заради ненаплата.

При пресметката на стапката на загуба заради ненаплата од ставот 1 на оваа точка, банката може да ја вклучи и наплатата од нефункционалните кредитни изложености од портфолиото на кредити коишто биле отпишани.

За пресметка на стапката на загуба заради ненаплата, просечната загуба се утврдува за период од најмногу три години, вклучувајќи ги и наплатите од продажба на обезбедувањето, при што може да се вклучат и податоците за очекуваните промени на вредноста на обезбедувањето и очекуваниот период на наплата на кредитната изложеност.

При утврдувањето на стапката на загуба заради ненаплата, банката ги зема предвид историските податоци за остварената загуба од нефункционални кредитни изложености со слични карактеристики коишто станале нефункционални најмногу пред пет години.

33. Банката е должна да врши оцена на реалноста (англ. backtesting) на моделот од точката 29 на оваа одлука најмалку на годишна основа или при значајна промена на неговите основни елементи.

Оцената на реалноста на моделот треба да се врши од организациски делови на банката коишто не биле вклучени во воспоставувањето на моделот и/или од страна на надворешни лица.

## IV. ПРИСТИГНАТИ ЗА НАПЛАТА, А НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА

34. Банката не смее да врши директно или индиректно одобрување нова кредитна изложеност за затворање постоечка кредитна изложеност, освен при реструктурирање на кредитната изложеност. Следниве случаи не се сметаат за одобрување нова кредитна изложеност за затворање постоечка кредитна изложеност:

- се одобрува кредит на лице коешто има достасани обврски кон банката или на кое во рок од 31 ден му достасува некоја обврска кон банката, а банката

обезбедила документирани докази дека одобрениот кредит нема да се користи за отплата кон банката;

- се одобрува кредит на лице за затворање на недостасани обврски кон банката, при што со одобрувањето на кредитот се обезбедуваат поповолни услови за лицето;
- се искористуваат одобрените безусловно неотповикливи рамковни кредити, дозволени пречекорувања и кредити врз основа на кредитни картички, при што во моментот на одобрувањето лицето немало достасани обврски кон банката.

Банката е должна да преземе мерки за да се увери дека кредитната изложеност од ставот 1 алинеја 1 на оваа точка, нема да биде искористена за плаќање на обврските кон банката.

## V. РЕСТРУКТУРИРАНА КРЕДИТНА ИЗЛОЖЕНОСТ

35. Банката е должна во политиката или интерните акти од точката 77 на оваа одлука да ги пропише најмалку:

35.1. Постапките и процедурите за реструктурирање на кредитна изложеност, начинот на одлучување за реструктурирањето и лицата, организациските единици и/или органите вклучени во одлучувањето, како и потребната документација за одобрување на реструктурирањето;

35.2. Критериумите за утврдување финансиски потешкотии за намирување на обврските (влошена финансиска состојба на клиентот) и за утврдување дали клиентот може или би можел да ги почитува постоечките договорни услови, имајќи ги предвид одредбите од точката 37 на оваа одлука;

35.3. Случаите коишто ќе се сметаат за реструктурирање на кредитната изложеност, имајќи ги пред вид одредбите од точките 38 и 39 на оваа одлука;

35.4. Постапката и правилата за оцена на одржливоста на реструктурирањето на кредитната изложеност, согласно со точката 40 на оваа одлука;

35.5. Постапката и правилата за оцена на успешноста од извршеното реструктурирање, согласно со точката 41 на оваа одлука.

36. Секое реструктурирање на кредитната изложеност банката го врши со одлука на одборот за управување со ризиците или со одлука на друг орган или одбор во банката.

При донесувањето на одлуката за реструктурирање на кредитната изложеност од ставот 1 на оваа точка, банката треба да ја има предвид оцената на одржливоста на реструктрурирањето согласно со точката 40 на оваа одлука, коешто треба да биде составен дел на анализата од точката 37 на оваа одлука.

37. Банката е должна при менување на договорните услови на кредитната изложеност да изработи анализа и да утврди дали клиентот има или нема влошена финансиска состојба и дали може или би можел да ги почитува постоечките договорни услови и без нивно менување.

За потребите на анализата од ставот 1 на оваа точка, банката треба соодветно да го има предвид влијанието на:

- лицата коишто заедно со клиентот формираат група на поврзани лица или кои се дел од иста група за која се изработуваат финансиски извештаи на консолидирана основа;
- состојбите на пазарот, доколку тие укажуваат на значајни промени коишто можат негативно да влијаат врз можноста на клиентот за намирување на обврските кон банката.

Анализата од ставот 1 на оваа точка не треба да го земе предвид ефектот од признатиот инструмент за обезбедување врз наплатата на кредитната изложеност.

По исклучок на ставот 1 на оваа точка, банката не е должна да ја изработи анализата од ставот 1 на оваа точка за кредитната изложеност врз основа на депозитите кај домашни и странски банки, за вонбилансна кредитна изложеност и за кредитна изложеност обезбедена со првокласен инструмент за обезбедување од точката 26 на оваа одлука.

38. Како реструктурирање на кредитната изложеност се сметаат најмалку следниве случаи:

- новите договорни услови се значајно поповолни во однос на постоечките договорни услови, при што врз основа на анализата од точката 37 на оваа одлука е утврдена влошена финансиска состојба или неможност да се намируваат обврските по постоечките договорни услови;
- новите договорни услови се значајно поповолни во однос на договорните услови коишто банката во тој момент ги нуди на другите клиенти со сличен профил на ризичност, при што врз основа на анализата од точката 37 на оваа одлука е утврдена влошена финансиска состојба или неможност да се намируваат обврските по постоечките договорни услови;
- кредитната изложеност има третман на нефункционална кредитна изложеност или би имала третман на нефункционална кредитна изложеност доколку не било извршено менувањето на договорните услови или одобрувањето нова кредитна изложеност;
- намалување на кредитната изложеност преку отпис;
- на датумот на одобрување на кредитната изложеност, или во период од 31 ден пред одобрувањето на кредитната изложеност, клиентот плаќа други обврски кај банката по главница или камата на друга кредитна изложеност, којашто има третман на нефункционална кредитна изложеност или би имала третман на нефункционална кредитна изложеност доколку не биле извршени тие плаќања;
- намалување на кредитната изложеност преку активирање на обезбедувањето.

39. Следниве показатели може да укажуваат на реструктурирање на кредитната изложеност:

- најмалку еднаш во последните три месеци пред менувањето на договорните услови, клиентот доцнел подолго од 31 ден во намирувањето на своите обврски кон банката, или би доцнел подолго од 31 ден, доколку не било извршено менувањето на договорните услови;
- на датумот на одобрување на кредитната изложеност, или во период од 31 ден пред одобрувањето на кредитната изложеност, клиентот плаќа други обврски кај банката по главница или камата на друга кредитна изложеност,

врз основа на кои клиентот доцнел подолго од 31 ден, најмалку еднаш во последните три месеци пред одобрувањето на новата кредитна изложеност;

40. Банката е должна да врши оцена на одржливоста на реструктурирањето на кредитните изложености, при што го има предвид следново:

- причините поради кои е утврдена влошена финансиска состојба на клиентот или е утврдена неможност да ги намирува обврските по постоечките договорни услови, а доколку е применливо и на лицата поврзани со клиентот;
- способноста на клиентот да ги почитува новите договорни услови, вклучително и нивото на задолженост на клиентот/проектот, односно можноста банката во целост да ја наплати кредитната изложеност;
- податоци за претходни реструктурирања на кредитните изложености кон клиентот;
- проекција на паричните текови за периодот којшто би бил опфатен со реструктурирањето;
- податоци за планот за реорганизација на клиентот, доколку клиентот е предмет на таков план.

41. Банката е должна на редовна основа, а најмалку на секои три месеци, да ја оцени успешноста на извршеното реструктурирање.

За потребите на оцена на успешноста од извршените реструктурирања, банката е должна на редовна основа да ги утврдува и следи следниве показатели по одделни портфолија:

- стапката на наплата на реструктурираните кредитни изложености, вклучително и на тие коишто претходно биле отпишани;
- стапката на реструктурирани нефункционални кредитни изложености коишто се исклучени од оваа категорија, согласно со точката 60 на оваа одлука;
- стапката на отпис на реструктурираните кредитни изложености.

Врз основа на оцената на успешноста на извршените реструктурирања, банката е должна да врши редовно ревидирање на постапките и процедурите за реструктурирање.

42. Банката може да врши капитализација на каматата само доколку таа е дел од реструктурирањето на кредитната изложеност.

По исклучок на ставот 1 на оваа точка, банката може да врши капитализација на каматата и при проектното финансирање во рамките на одобрениот грејс-период, согласно со договорот.

43. При реструктурирањето на кредитната изложеност, банката е должна да ги почитува критериумите за класификација на кредитната изложеност настаната како резултат на реструктурирањето, определени со оваа одлука.

44. Нето-ефектот од реструктурирањето на кредитната изложеност не смее да доведе до зголемување на финансискиот резултат на банката, освен во случај на намалување на кредитната изложеност како резултат на наплата. Во период од шест месеци по извршеното реструктурирање, банката не смее да евидентира приход врз основа на ослободување исправка на вредноста/посебна резерва, коешто не е резултат на наплата на кредитната изложеност.

45. По исклучок на точките 43 и 44 на оваа одлука, банката може да одреди подобра категорија на ризик и/или да пресмета понизок износ на исправка на вредноста/посебната резерва, само доколку за реструктурираната кредитна изложеност е обезбеден нов првокласен инструмент за обезбедување.

46. Кредитната изложеност може да се исклучи од категоријата на реструктурирани кредитни изложености доколку се исполнети следниве услови:

- поминат пробниот период, и
- по завршувањето на пробниот период, сите кредитни изложености на клиентот се класифицирани во категоријата на ризик „А".

## VI. НЕФУНКЦИОНАЛНА КРЕДИТНА ИЗЛОЖЕНОСТ

47. Сите кредитни изложености на банката кон еден клиент стануваат нефункционални кредитни изложености доколку клиентот има ненаплатена кредитна изложеност согласно со точката 2 потточка 2.23 став 1 на оваа одлука, освен доколку:

- банката одлучила да го примени исклучокот од точката 2 потточка 2.23 став 2 на оваа одлука, или
- надминувањето на прагот на значајност е резултат на техничка грешка (грешки во податоците, доцнење во реализацијата на налозите за плаќање или постоење временска разлика помеѓу извршеното плаќање и неговото евидентирање од страна на банката и слично).

48. Доколку банката одлучи да го применува исклучокот од точката 2 потточка 2.23 став 2 на оваа одлука, должна е тоа да го направи за сите изложености кон физичките лица.

Во случаите од ставот 1 на оваа точка, доколку износот на достасаните билансни изложености кон клиентот физичко лице надминуваат 20% од вкупната билансна изложеност на банката кон тој клиент, банката е должна на сите билансни и вонбилансни изложености кон тој клиент да им додели третман на нефункционални изложености.

По исклучок на ставовите 1 и 2 на оваа точка, сите кредитни изложености кон клиентот физичко лице стануваат нефункционални кредитни изложености, доколку клиентот ги исполнува соодветните показатели за неможност за наплата од точките 54 и 57 на оваа одлука.

49. Банката е должна да ги смета како нефункционални кредитни изложености сите изложености на клиентите чијашто заедничка кредитна изложеност ги исполнува критериумите за ненаплатена кредитна изложеност.

По исклучок на ставот 1 на оваа точка, банката може да не ги смета како нефункционални кредитни изложености останатите кредитни изложености на клиентите со заедничка ненаплатена кредитна изложеност, доколку:

- доцнењето во измирувањето на обврските врз основа на заедничката ненаплатена кредитна изложеност е резултат на судски спор меѓу клиентите и не постојат сомневања за влошена финансиска состојба на одделните клиенти,
- заедничката ненаплатена кредитна изложеност има многу мало учество во вкупната кредитна изложеност на одделните клиенти.

Банката не е должна да ги смета како нефункционални кредитни изложености заедничките кредитни изложености коишто ги имаат одделните клиенти со други клиенти на банката, коишто не се должници по заедничката ненаплатена кредитна изложеност, но е должна да оцени дали е исполнет било кој од показателите за неможност за наплата од точките 54 и 57 на оваа одлука.

Во случај на отворена стечајна постапка над правно лице во сопственост на едно физичко лице, банката е должна да утврди дали во однос на изложеностите на физичкото лице се исполнети било кој од показателите за неможност за наплата од точките 54 и 57 на оваа одлука.

50. Доколку се работи за вложување во хартии од вредност коешто ги исполнува критериумите за ненаплатена кредитна изложеност, сите изложености кон клиентот што ги издал хартиите од вредност стануваат нефункционални кредитни изложености.

**Надминување на прагот на значајност**

51. Банката е должна на дневна основа да го следи исполнувањето на условот од точка 2 потточка 2.23 алинеја 1 на оваа одлука.

52. За потребите на точката 2 поточка 2.23 алинеја 1 на оваа одлука:

- во случаите кога кредитната изложеност е врз основа на пречекорување на трансакциската сметка, деновите на доцнење за потребите на утврдувањето на 90-те последователни дена започнуваат од датумот кога клиентот го надминал одобрениот лимит;
- во случаите кога кредитната изложеност е врз основа на кредитни картички, деновите на доцнење за потребите на утврдувањето на 90-те последователни дена започнуваат на датумот кога клиентот бил должен да плати одреден износ, согласно со договорот со кој е одобрена кредитната картичка;
- во случаите кога измирувањето на обврските од страна на клиентот е одложено или прекинато согласно со пропис, банката го одложува или престанува со утврдувањето на деновите на доцнење, но е должна да утврди дали кај овој клиент се исполнети соодветните показатели за неможност за наплата од точките 54 и 57 на оваа одлука.

53. Банката може да примени пониски вредности за двете компоненти на прагот на значајност од тие определени со точката 2 потточки 2.25 и 2.26 на оваа одлука, доколку смета и може да докаже дека пониските вредности се подобар показател за ненаплатена кредитна изложеност, при што со примената на тие пониски вредности нема да се предизвика значителен износ на изложености коишто во многу краток временски период по нивното идентификување како ненаплатени кредитни изложености би ги исполниле условите од точката 59 на оваа одлука за исклучување од нефункционални кредитни изложености.

**Неможност за наплата**

54. Банката оценува дека постои неможност за наплата од клиентот, најмалку врз основа на следниве показатели:

- продажба на кредитна изложеност на клиентот со значајна загуба;

- реструктурирање на кредитната изложеност со значајна промена на договорните услови како резултат на што доаѓа до значајно намалување на обврските на клиентот врз основа на главница, камата или надоместоци;
- поднесено е барање за отворање стечајна или друга слична постапка над клиентот, согласно со закон;
- над клиентот е отворена стечајна или друга слична постапка, согласно со закон;
- ги исполнуваат условите за класификација во категориите на ризик „Г" или „Д", согласно со оваа одлука;
- банката го активирала обезбедувањето.

55. За потребите на точката 54 став 1 алинеја 3 на оваа одлука, загубата од извршената продажба се утврдува со користење на следнава формула:

Загуба = (И – Ц)/И*100, при што:
И - вкупен износ на кредитната изложеност којашто е предмет на продажба
Ц - цена по која е извршена продажбата.

Загубата утврдена согласно со ставот 1 на оваа точка се смета за значајна, доколку надминува 5% од кредитната изложеност.

Во случај на продажба на кредитна изложеност со значајна загуба, преостанатите изложености на банката кон клиентот добиваат третман на нефункционални кредитни изложености, освен доколку станува збор за клиент физичко лице на кој банката го применува исклучокот од точката 2 потточка 2.23 став 2 на оваа одлука, при што се применува точката 48 на оваа одлука.

Во случај на продажба на портфолио на кредити, исполнувањето на условот од ставот 2 на оваа точка се утврдува:
- на поединечна основа за секој кредит, доколку цената на целото портфолио е утврдена врз основа на поединечните цени на секој од кредитите во тоа портфолио;
- на ниво на целото портфолиото, доколку цената на продажба е утврдена за целото портфолио, во кој случај, доколку е надминат лимитот од ставот 2 на оваа точка, сите кредити во портфолиото се смета дека имале третман на нефункционални кредитни изложености на денот на продажбата.

Доколку продажбата на кредитната изложеност се врши заради други причини коишто не се поврзани со кредитниот ризик (на пример: продажба на кредити заради обезбедување дополнителна ликвидност, заради промена во деловната политика на банката и друго) и не постојат објективни докази дека настанало оштетување кај таа изложеност, продажбата на кредитната изложеност не треба да се смета како показател за неможност за наплата, без разлика на износот на остварената загуба.

Банката е должна да обезбеди соодветна документација за потврдување на исполнувањето на условите од ставот 5 на оваа точка.

56. За потребите на точката 54 став 1 алинеја 4 на оваа одлука се смета дека кредитната изложеност е реструктурирана кредитна изложеност со значајна промена на договорните услови доколку износот на обврските на клиентот по извршеното реструктурирање на таа кредитна изложеност се значително пониски од износот на неговите обврски пред да се изврши реструктурирањето.

Банката утврдува дали е извршено значајно намалување на обврските на клиентот со примена на следнава формула:

Намалување на обврските = ($НСВ_0$ – $НСВ_1$)/ $НСВ_0$*100, при што:

$НСВ_0$ - сегашната вредност на очекуваните парични текови согласно со постоечките договорни услови, дисконтирани со ефективната каматна стапка определена согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи
$НСВ_1$ - сегашната вредност на очекуваните парични текови согласно со новите договорни услови, дисконтирани со ефективната каматна стапка определена согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи

Намалувањето на обврските на клиентот согласно со ставот 2 на оваа точка се смета за значајно, доколку надминува 1% од сегашната вредност на очекуваните парични текови согласно со постоечките договорни услови, и таа изложеност се смета за реструктурирана кредитна изложеност со значајна промена на договорните услови.

Доколку намалувањето на обврските утврдено согласно со ставот 3 на оваа точка не надминува 1%, банката е должна да оцени дали реструктурираната кредитна изложеност исполнува други показатели за неможност за наплата, како што се:
- одобрено е плаќање на целата главница на рокот на достасување;
- предвидени се нередовни отплати на кредитната изложеност, при што износите што треба да се плаќаат во почетниот период се далеку пониски од тие што треба да се плаќаат во следните периоди на отплата;
- одобрен е грејс-период подолг од 24 месеци за плаќањето на главницата и/или каматата;
- клиентот има или имал претходно други реструктурирани кредитни изложености со значајна промена на договорните услови.

57. Банката може да ги предвиди следниве дополнителни показатели за неможност за наплата според одделни кредитни изложености (тип на производ, клиент, географско подрачје):
- намалување на приходите на клиентот, намалување на нивната редовност или сигнали дека клиентот нема да биде во можност да остварува редовни приходи во доволен износ за плаќање на своите обврски согласно со договорените услови;
- значајно е зголемено нивото на задолженост на клиентот или се очекува да се зголеми неговата задолженост;
- клиентот не ги почитува договорните услови.

Банката е должна да ги земе предвид информациите за клиентот од надворешни извори (информации од Кредитниот регистар на Народната банка, од кредитно биро, макроекономски показатели, финансиски извештаи, информации во јавните медиуми и други јавно-достапни информации) коишто можат да укажуваат на неможност на наплата, како што се доцнење во плаќањето на обврските кон другите доверители на клиентот, финансиски проблеми во дејноста во која припаѓа клиентот или неговите најзначајни договорни страни и слично.

58. Како реструктуирана нефункционална кредитна изложеност се смета реструктурираната кредитна изложеност којашто ги исполнува најмалку следниве услови:

58.1. На датумот на реструктурирање, кредитната изложеност имала третман на нефункционална кредитна изложеност или би станала нефункционална кредитна изложеност доколку не било извршено реструктурирањето, или

58.2. За време на пробниот период:
- банката изврши ново реструктиурирање на кредитната изложеност со значајна промена на договорните услови,
- исполнет е било кој од показателите за неможност за наплата од точките 54 и 57 на оваа одлука или
- клиентот доцни повеќе од 60 дена врз основа на реструктурираната кредитна изложеност.

58.3. Станува збор за реструктурирана кредитна изложеност со значајна промена на договорните услови, вклучително и за реструктурирана кредитна изложеност којашто исполнува некој од другите показатели за неможност за наплата од точката 56 став 4 на оваа одлука.

**Исклучување од нефункционална кредитна изложеност**

59. Кредитната изложеност којашто има третман на нефункционална кредитна изложеност може да се исклучи од оваа категорија доколку се исполнети следниве услови:
- поминати се најмалку 90 последователни дена од денот кога износот на достасаните кредитни изложености кон клиентот по која било основа (главница, камата, други некаматни побарувања) повеќе не го надминува прагот на значајност од точката 2 поточка 2.23 став 1 алинеја 1 на оваа одлука;
- по истекот на периодот од алинејата 1 на овој став, банката спроведува анализа на редовноста на клиентот во измирувањето на неговите обврски и на неговата финансиска состојба, којашто не покажува дека е исполнет било кој од показателите за неможност за наплата од точките 54 и 57 на оваа одлука;
- условите од алинеите 1 и 2 на овој став се исполнети и во однос на новите кредитни изложености одобрени на клиентот.

60. Реструктурираната нефункционална кредитна изложеност од точката 58 на оваа одлука може да се исклучи од категоријата на нефункционални кредитни изложености доколку се исполнети сите услови од ставот 2 на оваа точка и е помината најмалку една година од:
- датумот на реструктурирање;
- датумот кога кредитната изложеност добила третман на нефункционална кредитна изложеност, и
- датумот кога завршил грејс периодот одобрен со реструктурирањето.

Банката е должна да изработи анализа на кредитната способност на клиентот и начинот на намирување на неговите обврски, врз основа на која треба да се утврди дали се исполнети следниве услови:

- во текот на периодот од ставот 1 на оваа точка, клиентот редовно ги намирувал своите обврски согласно со новите договорни услови;
- клиентот нема обврски врз основа на кредитната изложеност коишто се достасани подолго од 31 ден по датумот на реструктурирање, согласно со договорените услови;
- во текот на периодот од ставот 1 на оваа точка, преку редовното намирување на обврските согласно со договорот, клиентот платил значаен износ;
- не е исполнет било кој од показателите за неможност за наплата од точките 54 и 57 на оваа одлука;
- клиентот ќе може да ги намирува своите обврски согласно со договорните услови без да се преземат активности за активирање на обезбедувањето, особено кај изложеностите со еднократна отплата или каде се предвидени поголеми плаќања во последните периоди од амортизацискиот план;
- условите предвидени во претходните алинеи на овој став се исполнети и во однос на новите кредитни изложености одобрени на клиентот.

**Управување со нефункционалните кредитни изложености**

61. Банката е должна да воспостави соодветен систем за управување со нефункционалните кредитни изложености, а особено заради единствена примена на дефиницијата за нефункционални кредитни изложености во банката.

Банката е должна на редовна основа да го следи и оценува влијанието на нефункционалните кредитни изложености врз сопствените средства, профитабилноста, ликвидноста и другите показатели за работењето на банката.

62. За потребите на точката 61 на оваа одлука, банката е должна во политиката и интерните акти од точка 77 на оваа одлука да ги опфати најмалку следниве аспекти:

62.1. Да го пропише начинот на утврдување, следење и контрола на нефункционалните кредитни изложености, согласно со барањата на оваа одлука, при што ги има предвид прописите со кои се регулира заштитата на потрошувачите;

62.2. Да го дефинира пристапот на утврдување нефункционални кредитни изложености за клиентите – физички лица, на ниво на клиент или на ниво на кредитна изложеност/кредитна партија;

62.3. Да пропише кога кредитната изложеност кон лицата со кои е поврзан клиентот правно лице чиишто обврски кон банката имаат третман на нефункционални кредитни изложености, станува нефункционална кредитна изложеност;

62.4. Да ги пропише дополнителните показатели за неможност за наплата, имајќи ги предвид одредбите од точката 57 на оваа одлука, вклучително и изворите на податоци и информации за нивно идентификување и следење, како и фреквенцијата за следење и ревидирање на овие показатели;

62.5. Да ја пропише постапката на утврдување на значајноста на загубата којашто при продажба на кредитна изложеност може да се смета како индикатор за неможност за наплата, имајќи ги предвид одредбите од точката 55 на оваа одлука;

62.6. Да ја пропише постапката на утврдување значајна промена на договорните услови, имајќи ги предвид одредбите од точката 56 на оваа одлука:

62.7. Да ја пропише постапката, критериумите и податоците врз основа на кои се одлучува за исклучување на нефункционалната кредитна изложеност и на реструктурираната нефункционална кредитна изложеност согласно со точките 59 и 60 на оваа одлука, вклучително и да го пропише значајниот износ од точката 60 став 2 алинеја 3 на оваа одлука;

62.8. Да ги пропише сигналите за влошување на квалитетот на кредитното портфолио на банката за потребите на утврдување зголемен износ на нефункционални кредитни изложености, согласно со точката 63 на оваа одлука;

62.9. Да ги пропише постапката и правилата за присилна наплата на нефункционалните кредитни изложености, вклучително и критериумите, постапката и начинот на одлучување за преземање соодветни активности за активирање и наплата на обезбедувањето.

63. Банката со зголемен износ на нефункционални кредитни изложености е должна да определи:

63.1. Лица/организациска единица за управување со нефункционални кредитни изложености, коишто/којашто ќе биде независна од организациските единици на банката коишто се надлежни за преземање кредитен ризик;

63.2. Стратегија за управување со нефункционалните кредитни изложености од точката 64 на оваа одлука, одобрена од надзорниот одбор на банката, којашто најмалку содржи:

- инструменти за намалување на нефункционалните кредитни изложености;
- квантитативни прагови за висината на нефункционалните кредитни изложености на краток, среден или долг рок, и
- оперативен план во кој се наведуваат активностите коишто банката ќе ги преземе за намалување на нефункционалните кредитни изложености и којшто се изработува за период од најмалку една до три години.

За потребите на ставот 1 на оваа точка, банката се смета дека е со зголемен износ на нефункционални кредитни изложености доколку:

- стапката на нефункционални кредити е еднаква или надминува 5%;
- стапката на нефункционални кредити е под 5%, но постои висока концентрација на нефункционални кредитни изложености (висока стапка на нефункционални кредитни изложености според дејноста, поврзани лица и слично);
- постојат сигнали за влошување на квалитетот на кредитното портфолио (забрзано зголемување на обемот на нефункционални кредитни изложености, надминати прагови за рано предупредување и слично).

64. Во стратегијата за управување со нефункционалните кредитни изложености банката определува еден или повеќе инструменти за намалување на нефункционалните кредитни изложености, како што се:

- реструктурирање на нефункционалните кредитни изложености и нивно задржување во билансот на банката;
- продажба, секјуритизација или отпис на нефункционалните кредитни изложености;

- промена на видот на кредитната изложеност или на обезбедувањето, преземање на средства врз основа на ненаплатени побарувања, претворање на кредитната изложеност или нејзин дел во капитално вложување кај клиентот и слично;
- покренување стечајна постапка или друга постапка на присилна наплата на кредитната изложеност.

При определување на стратегијата за управување со нефункционалните кредитни изложености, банката треба да:
- го оцени капацитетот на банката за управување и намалување на нефункционалните кредитни изложености, при што се земаат предвид основните двигатели на порастот на нефункционалните кредитни изложености имајќи ги предвид спрецифичностите на различни портфолија, како и нивните меѓусебни влијанија, видот и ефикасноста на инструментите за намалување на нефункционалните кредитни изложености во претходниот период, потребните човечки ресурси со соодветно искуство и стручност за спроведување на избраните инструменти, како и потребната ИТ подршката и квалитетот на податоците со кои располага банката за спроведување на стратегијата, што не ја исклучува можноста и од користење услуги на надворешни лица;
- ги оцени карактеристиките на тековното и на можното идно окружување во кое работи или ќе работи банката, вклучувајќи ги и показателите за движењето на пазарот на недвижности и пазарните очекувања за можноста за купопродажбата на нефункционалните кредитни изложености и
- го оцени влијанието на стратегијата врз работењето на банката, особено од аспект на потребното ниво сопствени средства, профилот на ризичност, профитабилноста и висината на исправката на вредност.

Стратегијата е дел од процесот на управување со ризиците во банката, особено во однос на процесот на утврдување на интерниот капитал, општата рамка за прифатливото ниво на ризик, како и планот за опоравување (при изработката на планот за опоравување задолжително се имаат предвид активностите, показателите и процедурите дефинирани во стратегијата).

Банката е должна најмалку еднаш годишно, или при значајна промена во системот за управување со ризиците, да ја испита потребата од ревидирање на стратегијата и доколку има потреба да изврши нејзино ревидирање, во согласност со документот за прифатливото ниво на ризик.

65. Службата за внатрешна ревизија на банката е должна да врши ревизија на управувањето со нефункционалните кредитни изложености, согласно со годишниот план на внатрешна ревизија.

## VII. ОТПИС НА КРЕДИТНАТА ИЗЛОЖЕНОСТ

66. Банката врши отпис на кредитната изложеност, во целост или делумно, кога не очекува нејзина наплата или кога нема право или се истечени правата за наплата на кредитната изложеност.

Отпис на кредитната изложеност се врши најмалку во следниве случаи:

- банката нема право на идни парични текови, односно се истечени правата за наплата на кредитната изложеност, независно од основата поради која се изгубени или се истечени правата, а што особено вклучуваат: правосилна судска одлука за неоснованост на побарувањето на банката, правосилна судска одлука за немање право на побарувањето, правосилно судско решение за заклучена стечајна постапка, правосилно судско решение за одобрен план за реорганизација на должник во стечај;
- банката нема разумни очекувања за наплата на кредитната изложеност, во целост или делумно;
- банката донесла одлука за отпуштање на долгот согласно со закон со која се откажува од понатамошна наплата на побарувањето;
- станува збор за поединечно незначајна кредитна изложеност.

По исклучок на ставот 2 на оваа точка, банката врши задолжителен пренос на сметките за вонбилансна евиденција на кредитните изложености кај кои се поминати дванаесет месеци од датумот кога банката била должна да врши исправка на вредноста, односно да издвојува посебна резерва од 100%.

Банката е должна, со одлука на Надзорниот одбор, да го утврди максималниот износ на поединечно незначајна кредитна изложеност од ставот 2 алинеја 4 на оваа точка.

Банката може да продолжи со наплата на кредитната изложеност од ставовите 2 и 3 на оваа точка, освен доколку се откажала од или нема право на нејзина понатамошна наплата.

67. Банката врши отпис на кредитната изложеност од точката 66 став 2 алинеи 2 и 3 на оваа одлука, во целост или делумно, со одлука на Надзорниот одбор на банката, врз основа на елаборат за извршен отпис, којшто ги содржи следниве елементи:
- причината поради која се предлага отписот;
- преземените мерки за наплата на побарувањето и резултатите од тие мерки;
- лицата и органите коишто учествувале во одобрувањето на кредитот;
- причината за непостоење или за несоодветност на обезбедувањето на побарувањето;
- оцена дали се почитувани интерните акти (правила, процедури и слично) на банката со кои се определува одобрувањето, следењето, наплатата и отписот на кредитната изложеност, и
- во случаите кога постои поврзаност на клиентот со банката, се наведуваат лицата поврзани со банката коишто согласно со Законот за банките и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон се сметаат за поврзани со клиентот.

68. Банката е должна да води вонбилансна евиденција за сите кредитни изложености од точката 66 ставови 2 и 3 на оваа одлука најмалку за период од 10 години од датумот на извршениот отпис, односно од преносот на кредитната изложеност на сметките за вонбилансна евиденција.

По исклучок на ставот 1 на оваа точка, банката не е должна да води вонбилансна евиденција за поединечно незначајните кредитни изложености, како и во случаите кога банката нема право на одредено побарување, односно погрешно побарува одреден износ. Банката треба да го регулира постапувањето во ваквите случаи во интерните акти, при што ја има предвид потребата да располага со соодветни податоци врз основа

на кои ќе може да ја оцени кредитната способност на клиентот, да утврди реструктурирање на кредитни изложености, да ја оцени неможноста за наплата од клиентот, како и да обезбеди соодветност на информативниот систем и на известувањето на Народната банка.

## VIII. ПРОДАЖБА НА ДОСТАСАНИ, НЕФУНКЦИОНАЛНИ ИЛИ ОТПИШАНИ ПОБАРУВАЊА

### Постапка и правила за продажба на достасани, нефункционални или отпишани побарувања

69. Банката врши продажба на достасани, нефункционални или отпишани побарувања од договор за кредит заедно со сите споредни права коишто произлегуваат од него.

70. Доколку банката врши продажба на достасани, нефункционални или отпишани побарувања, во Политиката за управување со кредитниот ризик или во другите интерни акти за идентификување, мерење, контрола или намалување и следење на кредитниот ризик (правила, процедури и слично) од точката 77 на оваа одлука, ги уредува постапката и правилата за продажба на тие побарувања, коишто треба да ги содржат следниве елементи, соодветно на видовите продажба коишто ги врши банката (продажба на побарувања од поединечен договор за кредит или продажба на портфолио на договори за кредит):

- видовите кредити коишто можат да бидат опфатени при продажба на побарувања;
- начин на определување на кредитите во портфолиото на договори за кредит, коишто би биле предмет на продажба;
- начин на утврдување на цената на продажба на побарувањата (во висина на побарувањето или со дисконт);
- начинот на продажба којшто банката ќе го применува при продажбата на побарувањата (пр. директна/непосредна продажба, систем на аукција, секјуритизација);
- критериуми за идентификување на потенцијалните купувачи на побарувања;
- подготвени нацрт документи за склучување на продажбата (пр. нацрт-договори, меморандуми за заштита на доверливоста на податоците коишто се предмет на преговори, писмени согласности и сл.);
- начин на обезбедување согласност од клиентите на банката за пренос на податоци за целите на продажба на побарувањата;
- критериуми за идентификување надворешни лица - даватели на услуги коишто би можеле да бидат вклучени во процесот на преговори и структурирање на продажбата и на правните акти за продажба на побарувањата од договорот за кредит.

### Договор за продажба на достасани, нефункционални или отпишани побарувања од договор за кредит

71. Пред склучување на договорот за продажба на побарувањата, банката е должна да изработи процена на ефектите од продажбата на побарувањето и да ја оцени економската оправданост на продажбата.

Процената на ефектите и економската оправданост од продажбата од ставот 1 од оваа точка, опфаќа најмалку оцена на ефектите коишто продажбата ќе ги има врз финансискиот резултат, изложеноста на ризиците, солвентноста и ликвидноста на банката.

72. Пред склучувањето на договорот за продажба на побарувања, банката е должна на лицето коешто има намера да купи достасано, нефункционално или отпишано побарување на банката од договор за кредит да му ги обезбеди сите информации потребни за соодветна процена на вредноста на побарувањето, како и за процена на потенцијалната стапка на наплата.

73. Банката е должна, соодветно на видот на продажба на достасаното, нефункционалното или отпишаното побарување, во договорот за продажба на побарувањата да обезбеди:

- јасно разграничување на правата и обврските помеѓу банката и купувачот;
- одредби за неможност за враќање на ризиците и користите од тоа побарување;
- одредби за регулирање на управувањето и наплатата на продадените побарувања;
- клаузула според која купувачот на побарувањето соодветно ќе ги применува прописите за заштита на потрошувачите согласно со закон, доколку предмет на купопродажба се побарувања од потрошувачи;
- клаузула според која купувачот на побарувањето соодветно ќе ги применува прописите за заштита на личните податоци, согласно со соодветната регулатива за заштита на личните податоци;
- клаузула со која промената на висината на каматната стапка на побарувањето од договорот за кредит нема да зависи исклучиво од волјата на купувачот на побарувањето од договор за кредит, вклучително и клаузула со која промените во другите договорни услови ќе бидат единствено во насока на давање поповолни услови на должникот чијашто обврска кон банката е предмет на договорот за продажба;
- клаузула за заштита од ризиците за банката што можат да произлезат од потенцијалните спорови во врска со наплатата на продадените побарувања.

**Управување и наплата**

74. Доколку врз основа на склучениот договор за продажба на побарувањата, банката презела обврски за управување и наплата на продадените достасани, нефункционални или отпишани побарувања, должна е да ги применува интерните акти и деловните практики и постапки коишто ги применува при наплатата на своите побарувања, што соодветно треба да биде предвидено и во договорот за продажба на побарувањата.

Доколку врз основа на склучениот договор за продажба на побарувањата, обврската за управување и наплата на продадените достасани, нефункционални или отпишани побарувања ја презема купувачот, договорот за продажба мора да содржи одредба со која купувачот ќе биде должен да го почитува и штити интегритетот на сите должници и нема да ги доведе во понеповолна положба од онаа којашто тие ја имале како договорна страна во договорот за кредит склучен со банката.

# IX. УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТНИОТ РИЗИК

## Општи барања

75. Управувањето со кредитниот ризик е дел од целокупниот систем на банката за управување со ризиците и ги исполнува барањата за управување со ризиците определени со Законот за банките, регулативата на Народната банка за методологијата за управување со ризиците, како и останатите подзаконски акти донесени врз основа на овој закон.

76. Од аспект на управувањето со кредитниот ризик, организациската структура на банката треба да овозможи:

- дефинирани надлежности и линии на одговорност, особено во процесот на одлучување за одобрување кредитни изложености, за промена на договорните услови, за реструктурирање на кредитните изложености, за користење инструменти за обезбедување, за дефинирање и остварување на стратегијата за управување со нефункционалните кредитни изложености и слично;
- соработка и размена на информации при управувањето со кредитниот ризик;
- разграничување на надлежностите и одговорности помеѓу лицата и организациските единици на банката коишто се носители на кредитната активност и коишто вршат активности поврзани со преземањето кредитен ризик. од една страна и лицата и организациските единици коишто вршат активности поврзани со управувањето со кредитниот ризик и заднински работи во врска со кредитирањето, од друга страна.

77. Банката е должна да воспостави и да применува политика за управување со кредитниот ризик и/или други интерни акти за идентификување, мерење, контрола или намалување и следење на кредитниот ризик (правила, процедури и слично), коишто најмалку содржат одредби за:

77.1. Одобрувањето и класификацијата на кредитните изложености, имајќи ги предвид точките 78, 79, 80 и 81 на оваа одлука.

77.2. Начинот на утврдување на исправката на вредноста/посебна резерва, вклучително и на начинот на вклучување на вредноста на обезбедувањето при утврдувањето на исправката на вредноста, имајќи ги предвид точките 82 и 83 на оваа одлука.

77.3. Начинот на вршење стрес-тестирање на кредитната изложеност, претпоставките врз кои се темели тоа тестирање и начинот на известување во врска со резултатите од тестирањето.

77.4. Начинот на управување со реструктурираните кредитни изложености имајќи ги предвид одредбите од главата V на оваа одлука.

77.5. Начинот на управување со нефункционалните кредитни изложености, имајќи ги предвид одредбите од главата VI на оваа одлука.

77.6. Начинот на вршење отпис на кредитна изложеност, односно пренос на кредитната изложеност на вонбилансна евиденција, вклучително и критериумите, постапката, органите надлежни за носење на одлуката, документацијата врз основа на

која се носи одлуката, начинот на одлучување за целосен или делумен отпис на кредитните изложености, како и начинот на евиденција на отпишаните, односно пренесените кредитни изложености на вонбилансна евиденција, имајќи ги предвид одредбите од главата VII на оваа одлука.

77.7. Постапка и правила за купување и продажба на побарувања и постапка на одлучување и организациски единици/органи/лица надлежни за одлучување за купување и продажба на побарувања, при што при продажбата на достасаните, нефункционалните или отпишаните побарувања се имаат предвид одредбите од главата VIII на оваа одлука.

77.8. Содржината и начинот на водење на кредитното досие за клиентите/проектите на банката, имајќи ја предвид точката 84 на оваа одлука.

77.9. Обемот и фреквенцијата на известувањето на надзорниот и управниот одбор на банката и на сите останати лица коишто се вклучени во управувањето со кредитниот ризик, имајќи ја предвид точката 85 на оваа одлука.

77.10. Начинот на прибирање и обработка на личните податоци за потребите на оцена на кредитната способност на клиентот и следење на наплатата на кредитните изложености одобрени од банката, при што се имаат предвид одредбите на законот со кој се уредува заштитата на личните податоци.

77.11. Начинот на кој банката го има предвид влијанието на ризиците поврзани со животната средина при управувањето со кредитниот ризик.

**Одобрување и класификација на кредитната изложеност**

78. Банката е должна во нејзините интерни акти да ги предвиди следниве аспекти во однос на одобрувањето и класификацијата на кредитните изложености:

78.1. Критериуми за одобрување кредити и друг облик на кредитна изложеност, вклучувајќи и критериуми за одобрување кредитни изложености за финансирање проекти.

78.2. Критериуми за утврдување на кредитната способност на клиентот/квалитетот на проектот, односно на промената на кредитната способност на клиентот/квалитетот на проектот имајќи ги предвид најмалку критериумите од точката 7 на оваа одлука, како и дефинирање на финансиските показатели коишто банката ќе ги користи при оцена на финансискиот капацитет на проектот.

78.3. Правила за одлучување за одобрување на кредитната изложеност во случаите кога не е обезбедена согласност од организациските единици коишто вршат активности поврзани со управувањето со кредитниот ризик или доколку мислењето на организациските единици коишто вршат активности поврзани со управувањето со кредитниот ризик е различно од мислењето на организациските единици на банката коишто се носители на кредитната активност и коишто вршат активности поврзани со преземањето кредитен ризик.

78.4. Критериуми за определување на зголемување на кредитниот ризик, коишто може да се разликуваат за одделни кредитни изложености или портфолија на кредити.

78.5. Критериуми за утврдување на можните влијанија од лицата поврзани со клиентот врз неговата кредитна способност, како и критериуми за утврдување на можните влијанија од лицата со заедничка кредитна изложеност.

78.6. Критериуми за класификација на кредитните изложености во одделните категории ризик, имајќи ги предвид одредбите на точката 10 на оваа одлука, како и начинот на одлучување во однос на класификацијата на кредитните изложености.

78.7. Начин на утврдување на висината и типот на каматната стапка и другите провизии и надоместоци.

78.8. Дефинирање и следење на интерните лимити на кредитната изложеност, согласно со структурата на вкупната кредитна изложеност на банката (на пример: по одделни клиенти, видови кредитни производи, дејности, валута и слично).

78.9. Дефинирање на дозволените исклучоци, постапката за нивно одобрување и дефинирање на прифатливото ниво на кредитна изложеност одобрена со дозволени исклучоци за определен период (на пример: квартал).

78.10. Дефинирање прифатливо ниво на извор на отплата и следење на движењето на показателите ДСТИ и ДТИ и износот и движењето на одделните елементи на овие показатели, како и валутата на кредитната изложеност.

78.11. Дефинирање на обезбедување коешто може да се земе како обезбедување за одреден вид кредитен производ или за одредена валута на кредитната изложеност, како и:

- дефинирање на потребната документација за одделните видови обезбедување;
- дефинирање на показателот ЛТВ по одделни видови обезбедување;
- постапка, правилата и фреквенција на следење и утврдување на пазарната вредност на обезбедувањето;
- постапка и рокови за преземање и/или продажба на обезбедувањето.

78.12. Начин на утврдување и следење на уредноста во намирувањето на обврските за потребите на класификација на кредитната изложеност.

78.13. Оцена на кредитниот ризик којшто произлегува од валутниот ризик на кој е изложен клиентот и утврдување критериуми за одобрување кредити во девизи или во денари со девизна клаузула, имајќи ги предвид одредбите од точката 81 на оваа одлука и начинот на кој оваа оцена се зема предвид при класификацијата на кредитната изложеност.

78.14. Критериуми за следење на ризикот на земјата каде што се наоѓа седиштето, односно од каде што доаѓа клиентот странско лице и за следење на ризикот од промена на каматните стапки.

79. Банката е должна пред одобрувањето на кредитната изложеност да ги идентификува сите фактори коишто можат да имаат значително влијание врз ризичноста на кредитната изложеност, односно врз клиентот/проектот, имајќи ги предвид најмалку критериумите од точката 7 на оваа одлука.

80. Доколку банката има развиено интерни категории на ризик за потребите на пресметка на исправка на вредноста, а коишто се разликуваат од категориите на ризик утврдени во точката 9 на оваа одлука, банката треба да овозможи нивно поврзување со категориите на ризик предвидени со оваа одлука и да обезбеди нивна конзистентна примена, како при одобрувањето на кредитната изложеност, така и при нејзиното следење.

81. Оцената на кредитниот ризик којшто произлегува од валутниот ризик на кој е изложен клиентот треба да се однесува најмалку на следење, анализа и проценка на (не)усогласеноста на девизната позиција на клиентот и нејзиното влијание врз можноста клиентот редовно да ги намирува своите обврски кон банката.

Покрај критериумите дефинирани согласно со точката 78 на оваа одлука, при одобрување и следење на кредитите во девизи и во денари со девизна клаузула, банката е должна да утврди и да применува и други критериуми дефинирани во нејзините интерни акти (на пример: квантитативни лимити на учеството на кредитната изложеност во девизи и во денари со девизна клаузула во кредитната изложеност на банката, квантитативни лимити за показателите ДСТИ, ДТИ и показателот ЛТВ и слично).

Во рамките на редовното стрес-тестирање, банката е должна најмалку еднаш годишно да го утврди влијанието на промените на девизниот курс врз кредитното портфолио на банката, преку процена на (не)усогласеноста на девизната позиција на клиентот и нејзиното влијание врз можноста клиентот редовно да ги намирува своите обврски кон банката.

Доколку очекуваните девизни приливи, девизни побарувања и денарски побарувања со девизна клаузула на клиентот покриваат најмалку 80% од неговите вкупни очекувани девизни одливи, девизни обврски и денарски обврски со девизна клаузула, се смета дека тој има усогласена девизна позиција. Се смета дека и нето-извозниците и клиентите кај кои цената на најзастапениот производ зависи од движењата на цената на тој производ на светските берзи исто така имаат усогласена девизна позиција.

Банката е должна да воспостави евиденција на клиентите со усогласена и неусогласена девизна позиција.

По исклучок, банката не е должна да ги применува одредбите на оваа точка, за клиентите чијашто вкупна кредитна изложеност изнесува до 200.000 денари за физички лица и мали друштва, односно до 600.000 денари за останатите правни лица.

При одобрувањето кредити во девизи или во денари со девизна клаузула, банката е должна да го информира клиентот за сите ризици коишто произлегуваат од користењето вакви кредитни производи, вклучувајќи ги и клиентите од ставот 6 на оваа точка.

Службата за внатрешна ревизија на банката е должна да врши ревизија на оцената на кредитниот ризик којшто произлегува од валутниот ризик, согласно со годишниот план на внатрешна ревизија.

**Утврдување исправка на вредноста/посебна резерва**

82. Банката е должна во нејзините интерни акти да ги предвиди следниве одредби во однос на начинот на утврдување на исправката на вредноста/посебната резерва:

82.1. Дефинирање на кредитните изложености за кои се утврдува очекувана кредитна загуба на поединечна и/или на групна основа, вклучително и начинот на утврдување на значајната кредитна изложеност и на незначајниот износ за нефункционалните кредитни изложености.

82.2. Детален опис на начинот на пресметка на очекуваната кредитна загуба на поединечна основа, односно на утврдувањето на очекуваните парични текови, претпоставките врз основа на кои тие се темелат, вклучувајќи ги и макроекономските или другите показатели коишто може да имаат влијание врз очекуваните парични текови.

82.3. Критериумите за формирање портфолија на кредити и детален опис на моделот за пресметка на очекуваната кредитна загуба за кредитните изложености од портфолиото на кредити којшто опфаќа:

- начин на утврдување на стапките на веројатност за ненаплата и стапката на загуба заради ненаплата, вклучувајќи информации за базата на податоци којашто се користи при пресметка на стапките и временскиот период на кој се однесуваат податоците;
- претпоставки на кои се темели моделот за утврдување на стапките;
- определување на макроекономските или другите показатели коишто може да имаат влијание врз пресметката на очекуваната кредитна загуба за соодветно кредитно портфолио и начниот на нивното вклучување во моделот;
- опис на начинот и динамиката на вршење независна оцена на реалноста и ефикасноста на моделот, дефинирање прифатливо ниво на отстапување на резултатите од оцената и дефинирање на активностите коишто ќе ги преземат органите на банката заради усогласување на моделот со добиените резултати од извршената оцена на неговата реалност.

82.4. Постапка и правила за утврдување на периодот до датумот на очекувана наплата на кредитната изложеност со признат инструмент за обезбедување и за утврдување на процентот на намалување на вредноста на признатиот инструмент за обезбедување којашто се вклучува во утврдувањето на очекуваната кредитна загуба за нефункционалните кредитни изложености, како и постапка на оцена на потребата за ревидирање на начинот на утврдување на вредноста на обезбедувањето и на периодот до датумот на очекуваната наплата на кредитната изложеност со обезбедувањето, вклучително и начинот на следење на пазарната вредност на обезбедувањето и условите кога треба да се смета дека е настанат значителен пад на пазарните цени на признатиот инструмент за обезбедување.

82.5. Начин на утврдување на очекуваната кредитна загуба за вложувањата во должнички хартии од вредност коишто се класифицираат и се мерат по објективната вредност преку останатата сеопфатна добивка.

83. Службата за внатрешна ревизија на банката е должна да врши ревизија на утврдувањето на исправката на вредноста/посебната резерва, вклучително и на соодветноста на начинот на утврдување и следење на пазарната вредност на обезбедувањето, согласно со годишниот план на внатрешна ревизија.

**Кредитно досие**

84. Банката е должна да води кредитно досие за секој клиент/проект којшто го финансира.

Кредитното досие треба да ги содржи сите податоци врз основа на кои банката ќе може да ги утврди идентитетот, кредитната способност на клиентот, квалитетот на проектот, уредноста во намирувањето на обврските и квалитетот на обезбедувањето.

Во кредитното досие на клиентот банката ја чува и целата документација поврзана со процесот на одлучување за одобрување на кредитната изложеност или за нејзиното реструктурирање, анализите извршени за потребите на реструктурирањето или утврдувањето неможност за наплата, анализите извршени за потребите на исклучување на кредитната изложеност од реструктирирана и/или нефункционална кредитна изложеност, постапките за присилна наплата, судските спорови и слично.

Банката може да го води кредитното досие за секој клиент, односно проект во електронска форма.

**Систем за известување**

85. Системот за известување на банката треба да обезбеди податоци и/или информации најмалку за:

- структурата на вкупната кредитна изложеност, според категоријата на ризик и по активности/области коишто се од значење за кредитната изложеност на банката (на пример: по сектори, кредитни производи, валута, показатели ДТИ и ДСТИ, вид на обезбедување, рочност, земја и слично);
- вкупната кредитна изложеност на банката кон поврзаните лица;
- нефункционалните кредитни изложености, причините коишто најмногу влијаат врз порастот на нефункционалните кредитни изложености, вкупиот износ на исклучени нефункционални кредитни изложености, како и причините за нивното исклучување;
- движењето на кредитните изложености од една во друга категорија ризик, во одреден временски период на агрегатна основа;
- кредитните изложености одобрени врз основа на исклучоците дефинирани во интерните акти на банката;
- извршената оцена и добиените резултати од оцената на реалноста на моделот за утврдување на очекуваната кредитна загуба на групна основа;
- резултатите од стрес-тестирањето;
- реструктурираните кредитни изложености;
- отпишаните кредитни изложености и кредитните изложености пренесени на вонбилансна евиденција, од точката 66 ставови 2 и 3 на оваа одлука;
- нивото и движењата на очекуваната кредитна загуба на ниво на вкупната кредитна изложеност и по одделни активности/области (на пример: сектори, валута, рочност и слично);
- наплатените нефункционални кредитни изложености, наплатените отпишани кредитни изложености и наплатените кредитни изложености коишто се пренесени на вонбилансна евиденција (структура, износ, стапка на наплата и слично);
- одобрени зелени кредити;
- продадените побарувања.

## X. УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТНИОТ РИЗИК НА КОНСОЛИДИРАНА ОСНОВА

86. Банка којашто е предмет на консолидирана супервизија е должна да ја применува оваа одлука на индивидуална основа и на консолидирана основа, на ниво на банкарската група.

87. Банката којашто е предмет на консолидирана супервизија е должна да обезбеди почитување на одредбите на оваа одлука од страна на сите членки на банкарската група, а особено во однос на обезбедувањето единствена примена во начинот на дефинирање и идентификување на реструктурираните и нефукционалните кредитни изложености и условите за исклучување од овие категории, дефинирани во оваа одлука.

При оцената на неможноста за наплата на клиентот согласно со точката 54 на оваа одлука, банката којашто е предмет на консолидирана супервизија го зема предвид и фактот дали некоја членка на банкарската група поднела барање за отворање стечајна или друга слична постапка над клиентот, согласно со закон.

## XI. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА НАРОДНАТА БАНКА

88. Банките составуваат извештај за спроведувањето на оваа одлука според сметководствената состојба на крајот на секој месец и го доставуваат до Народната банка.

Рокот за доставување на извештајот е 15 дена по истекот на периодот за кој се известува.

По исклучок на ставот 2 на оваа точка, рокот за доставување на извештајот со состојба на 31 декември е пет работни дена по истекот на рокот за доставување на неревидираниот годишен финансиски извештај.

89. Банката е должна да ја извести Народната банка и за:

- реструктурирањето на кредитната изложеност којашто претставува голема изложеност согласно со Законот за банките;
- реструктурирањето на кредитната изложеност со значајна промена на договорните услови;
- отписот на кредитната изложеност, во целост или делумно, извршен во согласност со точката 66 став 2 на оваа одлука,
- задолжителниот пренос на сметките за вонбилансна евиденција на кредитните изложености извршен согласно со точката 66 став 3 на оваа одлука;
- изработениот оперативен план за преземање активности за намалување на нефункционалните кредитни изложености;
- отстапување од целите определени со оперативниот план за намалување на нефункционалните кредитни изложености;
- извршената оцена и добиените резултати од оцената на реалноста на моделот за утврдување на очекуваната кредитна загуба на групна основа;
- продажбата на достасаните, нефункционалните или отпишаните побарувањата, и
- одобрените зелени кредити.

Рокот за доставување на известувањето од ставот 1 алинеи 1, 2, 3, 5, 6 и 7 на оваа точка е десет дена по: донесувањето на одлуката за реструктурирање на кредитната изложеност, донесувањето на одлуката за реструктурирање на кредитната изложеност со значајна промена на договорните услови, донесувањето на одлуката за отпис на кредитната изложеност (во целост или делумно), изработката на оперативниот план за преземање активности за намалување на нефункционалните кредитни изложености, отстапувањето од целите определени со оперативниот план за намалување на нефункционалните кредитни изложености и извршената оцена и добиените резултати од оцената на реалноста на моделот за утврдување на очекуваната кредитна загуба на групна основа.

По исклучок на ставот 2 на оваа точка, банката е должна да достави збирен извештај за извршените отписи на поединечно незначајните кредитни изложености од точката 66 став 2 алинеја 4 на оваа одлука на месечна основа.

Банката е должна да доставува извештаи за пренесените кредитни изложености на сметките за вонбилансна евиденција од ставот 1 алинеја 4 на оваа точка, продадените побарувања од ставот 1 алинеја 8 на оваа точка и за одобрените зелени кредити од ставот 1 алинеја 9 на оваа точка на месечна основа.

Извештаите од ставовите 3 и 4 на оваа точка се доставуваат до Народната банка согласно со точката 88 ставови 2 и 3 на оваа одлука.

90. На посебно барање на Народната банка, банката е должна да изготви извештај со состојба на друг ден и во друг рок коишто се различни од состојбата и рокот наведени во точките 88 и 89 на оваа одлука.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

91. Гувернерот на Народната банка го пропишува упатството и образецот на извештајот за спроведувањето на оваа одлука од точките 88 и 89 на оваа одлука.

92. Одредбите на оваа одлука што се однесуваат на банките, соодветно се применуваат и на штедилниците.

Филијалите на странски банки се должни соодветно да ги применуваат одредбите на оваа одлука, имајќи ги предвид одредбите од Законот за банките и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон со кои се регулира работењето на филијалите на странски банки во Република Северна Македонија.

93. Банката е должна да го изготви првиот извештај од точката 88 став 1 на оваа одлука, со утврдениот ефект од примената на новата дефиниција за нефункционалните кредитни изложености на кредитните изложености, со состојба на 31 декември 2022 година и да го достави до Народната банка најдоцна до рокот утврден во точката 88 став 3 на оваа одлука. Банката е должна да ја примени новата дефиниција за нефункционални кредитни изложености на клиентите/кредитните изложености со состојба на 31 декември 2022 година чијшто достасан износ го надминал прагот на значајност на 30 септември 2022 година.

94. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 31.12.2022 година.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, одредбите од точката 77 потточка 77.11 на оваа одлука, ќе почнат да се применуваат од 31 декември 2024 година.

95. На денот на отпочнувањето со примена на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20 и 116/20).

**О бр. /**
**2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**